**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ГОДИШНА НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ЧЛЕНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО

## ЗА 2017-2018 ГОДИНА

Скопје, ноември 2017 година

ЕКСЕЛЕНЦИИ,

Членството во НАТО е најголемиот приоритет во надворешната политика на Република Македонија. Цврсто сме определени да станеме триесеттата членка на Алијансата и одлучни сме да направиме сè што е во наша моќ за да ја оствариме оваа цел.

Република Македонија смета дека е од суштинско значење земјата да се врати на патот кон брза интеграција во НАТО, особено со оглед на уназадување во спроведувањето на реформите во периодот на долгата политичка и институционална криза.

Од кризата извлековме важни поуки, додека јасно изразената волја на граѓаните ни дава легитимитет да изградиме општество со вистинска европска демократија, во кое сите се еднакви и сите се одговорни пред законот.

Прифаќајќи ја потребата од интензивни и суштински демократски реформи, како и фактот дека учеството во НАТО исто така претставува и недвојбена заложба за споделување на демократските вредности на Алијансата, цврсто сме решени да ја реафирмираме меѓународната позиција на Република Македонија, да ги обновиме институциите и да се вратиме на основните демократски вредности- добро управување и владеење на правото.

Владата на Република Македонија го донесе „Планот 3-6-9“, преку кој се иницираа суштински и сеопфатни реформи во клучните области како што се изборите, владеењето на правото, медиумите, граѓанското општество и Собранието. Исто така, веднаш започнавме со спроведување на проактивна дипломатија, успевајќи при тоа темелно и забрзано да ги зајакнеме нашите односи со сите соседни земји, како и да го интензивираме нашето конструктивно учество во регионалните иницијативи и вкупната соработка во Регионот. Покрај тоа, се интензивираа и односите на Република Македонија со НАТО и со ЕУ, стекнувајќи се со нов квалитет и динамика, а пак нашата интеграција во НАТО ужива голема јавна поддршка и сеопфатен политички консензус.

Цврсто определени да го зајакнеме нашиот придонес кон меѓународната безбедност, преку зголемување на нашето учество во мисиите предводени од НАТО, исто така планираме етапно да го зголемиме буџетот за одбрана, во склад со целите на НАТО.

Сигурни сме дека овој 18-ти циклус од Акцискиот план за членство јасно ќе ја покаже нашата определба за спроведување темелни реформи во јакнењето на демократското општество и институциите, владеењето на правото, борбата против организиран криминал и корупција, реформата на безбедносните и разузнавачки служби, независноста на медиумите, функционалното мулти-етничко општество, како и спроведувањето на конструктивна и одговорна надворешна политика.

Силно сме убедени дека нашите искрени напори соодветно ќе бидат вреднувани и на крајот ќе резултираат со скоро упатување на покана за членство на Република Македонија во големото евроатлантско семејство.

Претседател на Владата

на Република Макаедонија

Зоран Заев

| | |
|---|---|
| **Писмото** | 1 |
| **Вовед** | 1-3 |
| **ПОГЛАВЈЕ I - Институции, предизвици и интегративни процеси** | 5 |
| 1.1.Собрание на Република Македонија | 6 |
| 1.2. Влада на Република Македонија | 9 |
| 1.2.1. Јавна администрација | 9 |
| 1.2.1-а Човекови права-заштита и промоција | 10 |
| 1.2.2. Министерство за правда и правосудниот систем | 11 |
| 1.2.3. Министерство за внатрешни работи | 12 |
| 1.2.3-а Реформа на безбедносната и разузнавачката служба | 12 |
| 1.2.4. Државна изборна комисија и изборно законодавство | 12 |
| 1.2.5. Медиуми | 13 |
| 1.2.6. Секретаријат за спроведување на рамковниот договор на Владата на РМ | 14 |
| 1.3. Безбедносни предизвици | 14 |
| 1.3.1. Организиран криминал и корупција | 14 |
| 1.3.1-а Државна комисија за спречување на корупција (ДКСК) и Министерство за правда | 14 |
| 1.3.1-b Основно јавно обвинителство | 15 |
| 1.3.1-с Специјално јавно обвинителство (СЈО) | 16 |
| 1.3.2. Тероризам | 18 |
| 1.3.3. Конвенционално оружје и непролиферација на ОМУ и мало и лесно оружје | 18 |
| 1.3.4. Кризен менаџмент | 19 |
| 1.3.5. Енергетска безбедност | 19 |
| 1.3.6. Безбедност на животната средина | 19 |
| 1.3.7. Информатичка безбедност | 20 |
| 1.4. Финансии и економија | 21 |
| 1.4.1. Економски приоритети | 21 |
| 1.4.2. Буџет на Република Македонија | 22 |
| 1.4.3. Макроекономија | 22 |
| 1.4.4. Меѓународна трговија и трговски односи | 22 |
| 1.5. Надворешна политика | 23 |
| 1.5.1. Република Македонија и НАТО | 23 |
| 1.5.2. Република Македонија и ЕУ | 25 |
| 1.5.3 Регионална соработка и регионални иницијативи | 26 |
| 1.5.4. Република Македонија и соседите | 26 |
| 1.5.5. Република Македонија и меѓународните организации | 27 |
| 1.5.5-а. ООН / / 1.5.5-b. Совет на Европа / 1.5.5-с ОБСЕ | 28 |
| **ПОГЛАВЈЕ II - Одбранбени политики и воени реформи** | 28 |
| 2.1. Одбрамбена политика | 28 |
| 2.2. Реформи во Министерството за одбрана и трансформација на Армијата на РМ | 29 |
| 2.3. Човечки ресурси | 29 |
| 2.4. Образование и обука | 29 |
| 2.5. Логистичка поддршка | 29 |
| 2.6. Меѓународна соработка | 30 |
| **ПОГЛАВЈЕ III - Ресурси во одбраната** | 31 |
| **ПОГЛАВЈЕ IV - Безбедносни прашања** | 33 |
| **ПОГЛАВЈЕ V - Правни прашања** | 33 |
| **АНЕКСИ** | |

# ВОВЕД

Излегувајќи од една длабока и долготрајна политичка, институционална и морална криза предизвикана од неказнивоста на високопоставени функционери и покрај нивните очигледни и целосно разоткриени незаконски дејства, Република Македонија ја претвори кризата во можност повторно да ги изгради сопствените институции, да си го возобнови меѓународниот углед и да се врати кон вредностите на демократијата, слободата и владеењето на правото. Тригодишната криза конечно заврши со формирањето на новата влада на 1 јуни 2017 година. Новата Влада е недвосмислено обединета околу едно суштинско ветување - да изгради вистинска европска демократија заснована врз наведените основни вредности. Впрочем, тоа ја претставува и сржта на пробивот кој земјата успеа да го постигне мобилизирајќи ги сите етнички заедници и различни општествени групации. Македонското општество се покажа поиздржливо од институциите во земјата, што јасно укажа на потребата од нивно темелно зајакнување, со што ќе се избегне повторување на претходните состојби. Новата решителност на Република Македонија која се изроди од таквата криза обезбеди еден нов почеток и ѝ отвори на земјата прилика која едноставно не смее да се пропушти.

Факт е дека демократиите не се развиваат преку ноќ. Воспоставувањето на едно послободно, поправедно и реформски ориентирано општество бара да се изоди еден долг пат, но, истовремено, придобивките од истото се далекусежни. Во општи црти, земјата со брз чекор се движи кон подобро. Медиумската сфера, како и слободатата на изразување бележат видливо подобрување, како на план на амбиентот кој се создаде во овие полиња, така и во поглед на законската регулатива која ги уредува. Се зголеми бројот на јавните дебати, при што истите станаа отворени и инклузивни, а владиното рекламирање во медиумите се укина. Невладините организации се гласни повторно и одново ја пронајдоа својата способност да функционираат како надзорна сила во општеството. Воспоставување на цврст систем на "спреги и кочници" е приоритет. Во тој контекст, забрзано се спроведуваат суштински реформи во правосудството. Реформските активности во таа насока се сосредоточени врз градењето независно, непристрасно и професионално правосудство во земјата. Истите се спроведуваат со целосна посветеност кон возобновување на уништената доверба во домашните судови кое, пак, од своја страна, е од суштинска важност за функционирањето на едно општество во кое владее правото, а не елитите.

Имајќи ги предвид посочените недостатоци, Владата презеде чекори да ги вклучи сите политички партии и фактори во градењето целисходен демократски дијалог. Тоа придонесе кон создавање на неопходните услови за спроведување кредибилни локални избори, кои се одржаа во земјата на 15 октомври 2017 година. Истите, според првичните наоди содржани во извештаите „придонесоа кон зајакнување на довербата во демократските процеси". Земјата вложува усилби да дојде до конечна состојба во која на преден план ќе избијат демократските институции коишто доследно ќе го спроведуваат словото на законот и ќе бидат способни да се соочат со предизвиците и искушенијата.

За да се оствари таа конечна цел, Владата изработи Патоказ, пошироко е познат како План 3-6-9 и претставува практичен израз на нејзината решеност да направи разлика на ова поле. Во таа насока, постои јасна политичка волја да се унапреди процесот на реформи во приоритетните области во кои, меѓу останатите, се вбројуваат правосудството, разузнавачките служби и јавната администрација. Изразот „политичка волја" кој е од

суштинска важност во тој контекст ја претставува клучната состојка во тековниот реформски процес, ориентиран кон резултати, чија конечна цел е да го пробијат патот на земјата кон нејзиното интегрирање во европските и евроатлантските структури.

Клучното прашање кое не престанува да се појавува во тој поглед е зошто е потребна така силна и сериозна посветеност кон процесот на реформи. Како прво, реформте се спроведуваат за да се научи од поранешните, и да се избегнат идни грешки. Како второ, една земја спроведува реформи за да стане подобра и да напредува како општество кое се заснова на правила и вредности, како и за да воспостави функционално и кохезивно мултиетничко општество кое обезбедува квалитет на живот за сите негови жители и промовира одржлив развој. Земјата останува посветена на спроведување на Охридскиот рамковен договор како една од темелните нишки на општеството. Како трето, земјата се преобразува самата себе затоа што цели да им се придружи на други истомисленички општества и да влезе во сојуз со тие кои ја вардат нејзината благосостојба и благосостојбата на сите демократии. Конечно, заземајќи централна местоположба на Балканот, Република Македонија никогаш не заборава да обрне внимание на "големата слика" на поставеноста на односите. Реформите го стабилизираат и зацврстуваат општественото ткиво на земјата, но, исто така, даваат свој придонес кон одржувањето на стабилноста на целокупниот регион. Станувајќи членка на Алијансата, Република Македонија би била извадена од процепи на несигурност кои сѐ уште претставуваат товар и предизвик за иднината на регионот.

Владата е свесна дека спроведувањето на потребните реформи нема да претставува лесна задача, како и дека на тој пат ќе наиде на предизвици од различна природа и потекло. Сепак, властите во земјата се решени да ги надминат таквите предизвици со цел да се постигнат клучните стратешките цели на земјата за членство НАТО и Европската унија. Имајќи ја на ум ваквата цел, Владата е високо мотивирана да испорача резултати. Сепак, во процесот на изнаоѓање решенија на патот што престои, од суштинско значење ќе биде поддршката и ангажманот на нашите стратешки партнери да продолжи и во иднина.

Водена од истата решителност, Владата го преобликуваше надворешно-политичкиот пристап на земјата, ставајќи посебен акцент околу разбирањето дека интеграцијата во НАТО и ЕУ, добрососедските односи и регионалната соработка се процеси кои се неразделиво сврзани и меѓусебно се надополнуваат. Промовирајќи ја Република Македонија како конструктивен регионален чинител оди рака под рака со нејзините евро-атлантски аспирации, како и со потребата за одржување на просперитот и безбедноста на поширокиот регион. Придржувањето кон ваквите верувања и основните правила за добрососедство стана токму темелот на напорите кои земјата ги презема со цел да ги подобри регионалните односи и да ја обмисли на друг начин улогата на Македонија во регионот.

Клучен елемент на тој пат е убеденоста за промена на суштината на односите со сите соседни земји во духот нивната заедничка европска иднина, поставувајќи една позитивна агенда која се фокусира на надминување на сите отворени прашања и внесување нова енергија и дух на соработка. Веднаш по нејзиното формирање, новата влада подаде рака кон Грција, со добра волја, без предрасуди и скриени агенди, поттикнувајќи меѓусебни контакти и воспоставувајќи директни канали на комуникација со соседната земја. Од јуни 2017 година, Министрите за надворешни работи на двете држави разменија посети на Атина и Скопје соодветно, и редовно се среќаваа на маргините на различни меѓународни форуми. Спроведувањето на процесот предвиден со Мерките за градење доверба продолжи како практичен инструмент за подобрување на врските и воспоставување меѓусебна доверба.

Исто така, беа преземени и конкретни чекори во насока на внесување нова динамика во преговорите за прашањето за името кои се водат со посредство на Обединетите нации, при што веќе е закажана нова рунда на преговори со учеството на личниот пратеник на Генералниот секретар на ОН, амбасадорот Метју Нимиц.

Потпишувањето на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Бугарија на 1 август 2017 година постави важна пресвртница во односите меѓу двете земји, надминувајќи ги сложените разлики и потврдувајќи ја подготвеноста на двете страни да се фокусираат на заедничката европска иднина на своите граѓани. Широко поздравен од македонските стратешки партнери, потпишувањето на Договорот понатаму ја демонстрираше способноста на Македонија да ги надмине проблемите без интервенција на трети страни, во европскиот дух, служејќи како инспирација за регионот. За прв пат, двете земји неодамна одржаа заедничка владина седница, како дополнително сведоштво за политичката волја и визија за напредок, што двете страни го делат.

Истиот проактивен пристап се применува и во односите со Албанија, Србија, и Косово, со чести комуникации на сите нивоа и заеднички напори за унапредување на политичките и економските односи и за зголемување на соработката во други, заемно корисни области. Овој дух се рефлектира и во односите негувани со сите други земји во поширокиот регион.

Денес, регионот го дели товарот на глобалната неизвесност и непредвидливост. Оваа состојба е јасен сигнал дека евроатлантските и европските интегративни процеси мора да се забрзаат. Мигрантската криза ја покажа неизбежноста од еден интегриран одговор кон сериозните глобални предизвици. Таа ги покажа внатрешните врски помеѓу националната, регионалната и пошироката европска безбедност; колку порозни може да бидат границите и ранливоста ако не се дејствува заедно. Сепак, исто така, таа го покажа капацитетот на Република Македонија да дејствува како сигурен сојузник, ефикасно справувајќи се со сериозни закани за регионалната и евроатлантската стабилност и безбедност.

Како највисок стратешки приоритет, членството во НАТО претставува клучен столб за долгорочната стабилност и просперитет на Република Македонија и на поширокиот регион. Република Македонија е решена да продолжи со целните реформи во одбраната, да ги зголеми своите финансиски и други обврски и да ја зајакне својата улога како придонесувач кон глобалната безбедност, многупати докажана во минатото.

Почнувајќи од 2018 година, трошоците за одбраната на земјата постепено ќе растат додека не се достигне декларираната заложба на земјите-членки на НАТО за контрибуција од 2% од нивниот БДП. Воедно, Владата одобри зголемување на персоналот од 20% за Мисијата „Решителна поддршка" во Авганистан од 2018 година. Република Македонија исто така, ќе инсистира на поставување реални планови во Стратешкиот преглед на одбранбениот сектор користејќи ги притоа препораките од НАТО и НАТО-декларираните единици, како клучни референци. Почетокот на Стратешкиот одбранбен преглед ја нагласува заложбата за одржување и зајакнување на националниот систем за одбрана и безбедност во согласност со стандардите и потребите на НАТО.

Особена благодарност при подготовката на оваа Годишна национална програма оди на сојузниците, НАТО меѓународниот персонал и меѓународниот воен персонал, како и Канцеларијата за врски на НАТО во Скопје за нивните вредни совети, повратни информации и препораки добиени во Извештајот за напредокот, на состанокот Република Македонија со Северно-атлантскиот Совет, билатерални консултации и секојдневна комуникација.

## ПОГЛАВЈЕ I

## 1. ИНСТИТУЦИИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ИНТЕГРАТИВНИ ПРОЦЕСИ

### 1.1. СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Од формирањето на новото парламентарно мнозинство и изборот на нов говорник, напорите се насочени кон враќање на улогата на Собранието како форум за политички дијалог и претставуваат дел од сеопфатните напори за севкупно подобрување на политичката атмосфера во земјата.

Во услови на долга политичка криза во земјата и предизвикувачкиот и напнатиот процес на воспоставување на новото парламентарно мнозинство, пресвртница беше изборот на новиот претседател на Собранието на 27.04.2017 година, чин што веднаш беше проследен со незаконско влегување во Собранието и насилни напади врз пратеници, политички лидери, претставници на медиумите и јавниот имот. Поради трезвеноста на политичките водачи, акцијата на полициските сили за немири и помошта од партнерите од евроатлантската заедница, беше избегната понатамошна ескалација на насилството. Набргу по овие настани, мандатот за формирање на Влада му беше доделен на лидерот на новото парламентарно мнозинство, а Владата беше избрана на 31.05.2017 година.

Собранието е фокусирано кон остварување на стратешките цели на земјата - членство во НАТО и Европската Унија и ги поддржува реформските процеси во земјата. Враќањето на ефективната супервизорска функција на Собранието и неговите тела во работата на Владата и нејзините безбедносни и разузнавачки служби е исто така една од клучните цели во наредниот период. Со намера да ја подобри довербата и соработката помеѓу различните политички партии во Собранието, Парламентарното мнозинство ги избра пратениците од опозицијата да претседаваат со некои од важните парламентарни комисии (Комисија за избори и назначувања, Комисија за надворешна политика, Комисија за еднакви можности, Комисија за надзор над работата на УБК и Комисијата за надзор над употребата на мерката за следење), иако не постои формален услов за ова, ниту пак било пракса претходно.

Во врска со релевантните реформски процеси и улогата на Собранието, на 14.07.2017 година, Комисијата за европски прашања, разговараше за планот на Владата 3-6-9 и даде целосна поддршка за нејзино спроведување, при што дел од мерките вклучуваат активности на Собранието. На истиот состанок, Комисијата едногласно ја усвои Декларацијата за забрзување на процесот на реформи и интеграција кон членството на РМ во НАТО и Европската унија. Во јули 2017 година, Собранието усвои и Одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на ПС на НАТО. Исто така во јули 2017 година се одржа заеднички состанок на парламентарните комисии за надзор над работата на безбедносните и разузнавачките служби со специјалниот претставник на ЕУ Рајнхард Прибе, разговарајќи за парламентарниот надзор и спроведувањето на препораките.

Клубот на женски пратеници беше повторно реактивиран, со цел да иницира закони за подобрување на правата на жената, подобрување на нивното учество во донесувањето одлуки и прашања и активности поврзани со нив.

Во рамките на проектот "Отворен парламент" беа организирани четири отворени парламентарни денови, со вкупно 1483 посетители. Покрај тоа, беа одржани три студентски семинари со учество на 107 ученици од 15 училишта.

Мерките насочени кон враќање на независноста и демократската клима во Собранието, како и поефикасен надзор над работата на Владата и безбедносните и разузнавачките служби, ќе продолжат и во наредниот период. Еден од суштинските чекори во насока на подобрување на работата на Собранието е продолжување на напорите на Работната група за реформи во Собранието, со цел да се постигне прифатлив политички договор за измени на Деловникот и понатамошно зајакнување на независноста на Собранието.

- ❖ Подетални информации за политичкиот дијалог и јакнење на улогата на Собранието во Анекс 1

## 1.2. ВЛАДА Н А РЕПУБЛИА МАКЕДОНИЈА

**Спроведување на Планот 3-6-9**

Надоврзувајќи се на силната заложба на Владата за исполнување на сите неопходни домашни реформи насочени кон подобрување на животниот стандард за граѓаните и исполнување на критериумите за влез во НАТО и ЕУ, на 4 јули 2017 г., Владата донесе документ насловен „План 3-6-9“. **Името на планот** произлегува од мерките и активностите кои треба да се спроведат во рок од три, шест и девет месеци од неговото донесување, а се однесуваат на клучните реформски области како што се избори, владеење на правото, медиуми, граѓанско општество, Собрание и други. Најголем дел од мерките содржани во Планот, превидени за спроведување во првите три месеци, се целосно спроведени.

На 15 ноември 2017 година, Владата го усвои ажурираниот План 3-6-9 (под неформална титула План "3-6-9 +"). Мерките се засноваат на препораките содржани во Извештајот на Групата високи експерти за системски прашања од владеењето на правото и консултации со сите засегнати страни. Истите треба да се спроведат до декември 2017/март 2018 или пред објавувањето на следниот редовен Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија.

**Преглед на клучните резултати од спроведувањето на Планот 3-6-9:**

Мерките насочени кон вкупно подобрување на **изборниот процес,** како обезбедување на одвојување на државата од партијата, потоа мерки за искоренување на практиката на заплашување на гласачите и администрацијата, како и мерки за обезбедување на балансирано известување во медиумите, беа успешно спроведени, а видлив резултат е оценката на релевантните меѓународни организации за спроведените локални избори во октомври 2017 година.

Спроведени се сите мерки во однос на **Собранието**. Главна цел на овие мерки е да се придонесе кон обновување на демократската клима во Собранието, а преземени се мерки за повторно воспоставување на **надзорната функција на Собранието** и неговите органи врз работата на Владата и нејзините безбедносни и разузнавачки служби. Законот за употреба на јазиците е во собраниска постапка.

Владата ја признава и целосно ја поддржува улогата на **граѓанското општество**, како двигател на демократските процеси и како механизам за проверка и рамнотежа. Владата значително го вклучи граѓанското општество во дизајнирањето на политиките и законодавните процеси, преку партнерски однос и под отворен, транспарентен и целосно инклузивен дијалог. Владата ја подобри и сопствената транспарентност преку објавување на дневниот ред и заклучоците од владините седници на интернет страницата на Владата. Воведена е пракса на редовни неделни медиумски брифинзи, додека задолжителниот рок за јавни консултации за секој предложен закон е продолжен од 10 на 20 дена.

Реформата на **јавната администрација** е долгорочен процес, а како прв чекор во негова реализација е изработката на Нацрт-Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022).

Силната независност на **судството**, како камен-темелник на повторното воспоставување на владеењето на правото во земјата, е во фокусот на преземените активности[1].

Сузбивањето на **организираниот криминал и корупцијата**[2] е важен елемент на владеењето на правото. Мерките се насочени кон ослободување на процесите на одлучување и механизмите за раководење од политичко влијание и притисоци, а мерките се спроведуваат во склад со препораките на домашните и странските експерти и препораките на граѓанското општество. Изготвен е преглед на сите постапки и истраги за корупција покренати во изминатите пет години. Зајакнати се капацитетите на истражните органи.

Реформата на **безбедносните служби**[3], особено разузнавачките служби, е повеќе од неопходна со оглед на неодамнешните настани во земјата. Целта на реформата е да се елиминираат причините за

[1] (подетални информации за реформата на судството во делот 1.2.2.)
[2] (подетални информации за организиран криминал и корупција во делот 1.3.1.)
[3] (подетални информации за реформата на разузнавачката служба може да се најдат во делот 1.2.3-а)

слабостите на безбедносните механизми и слабостите на безбедносните и разузнавачките служби, како и одново да се воспостави довербата во истите

Во контекст на слободата на изразување, Владата е посветена на подобрување на состојбата во медиумите со ослободување на медиумскиот простор од институционални или лични влијанија и притисоци, вклучувајќи и од финансиска зависност.

**Претстојни клучни активности:**

Во контекст на **реформата на правосудството**, а со цел градење независно, непристрасно, професионално и ефикасно правосудство, ќе биде усвоена нова Стратегија за реформа на правосудниот сектор. Стратегијата ќе претставува патоказ по кој ќе се движат реформите во правосудниот систем, со цел враќање на довербата во институциите, обезбедување на правна сигурност, заштита на индивидуалните права и слободи и создавање на судска власт отпорна на секој политички притисок.

До крајот на декември 2017 година ќе се укине Советот за утврдување факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија.

Ќе се донесат измените на Законот за заштита на сведоци и ќе биде објавен Извештај со наоди и препораки од првата фаза на спроведената проверка за функционирањето на АКМИС системот. Во овој период ќе биде предложен пакетот на законски измени поврзани со зајакнување на независноста и непристрасноста како и подобрување на работата на Судскиот совет на Република Македонија. Во делот на реформата на затворскиот систем, Владата ги прифати забелешките и препораките на Комитетот за превенција на тортура на Советот на Европа и презема мерки за подобрување на условите и капацитетите на казнено поправните установи, имплементација на алтернативните санкции, како и подобрување на здравствената заштита и безбедноста.

Имајќи предвид дека **реформата на безбедносните и разузнавачките** служби е сеопфатна реформа, Владата продолжува со транспарентната и инклузивна дебата, во која процесот на консултации ќе продолжи да се спроведува. Формирана е работна група сочинета од преставници од релевантните институции, експерти како и опозицијата,

Работна група, составена од претставници на релевантни институции, експерти и опозиција, изготви план на мерки и активности за надминување на слабостите во постојниот систем за следење на комуникациите, а во интерес на гарантирање на законитоста, заштитата на човековите права и националната безбедност.

која го подготвува планот на мерки и активности за надминување на слабостите во сегашниот систем за следење на комуникациите, а во интерес на гарантирање на законитоста, заштитата на човековите права и безбедноста на државата и граѓанинот.

Во делот на реформа на полицијата, започнат е процесот за воспоставување на независен надворешен механизам за контрола на работењето на полицијата кој треба да обезбеди непристрасност во постапувањето во случаите кога постои сомнеж дека се сторени кривични дела од страна на вработените во Министерството за внатрешни работи.

Владата во рамки на своите надлежности ги поддржува мерките на **Собранието** за обновување и развој на демократскиот амбиент, низ политички дијалог и соработка со сите парламентарни партии, а особено со опозицијата. Владата ќе продолжи да дава придонес во насока на обезбедување на услови за целосна имплементација на договорените Препораки по немилите настани од 24/12/2012 и насилните настани од 27/04/2017.

Започнатата отворена и искрена соработка со опозицијата ќе ја овозможи функцијата на контрола на Собранието и собраниските тела над работата на Владата и нејзините безбедносни и разузнавачки служби како редовни и рутински активности со висок степен на транспарентност.

Владата се обврзува да ги почитува во целост законските **процедури и критериуми при именувањето** на лица на раководни позиции како и членови на управни и надзорни одбори. Исто така, Владата ќе настојува и понатаму да обезбеди непречено функционирање на сите државни институции, вклучително и на дипломатската мрежа, со целосно почитување на дефинираните уставни и законски надлежности.

Владата започна со подготовка на одржлива стратегија за **реформа на јавната администрација** (РЈА), со цел да се обезбеди целосна департизација и професионализација на администрацијата, како и создавање на квалитетна и сервисно ориентирана администрација, која ќе функционира и ќе работи во подобрени услови. Со зајакнување на интероперабилноста, зголемување на бројот на е-услуги и примена на современи информатички технологии, Владата се стреми кон дигитализација, за обезбедување на побрзи, поедноставни и лесно достапни услуги за граѓаните.

Во **делот на доброто управување,** Владата ќе објави Граѓански буџет за објаснување на Буџетот за 2018 година, со цел граѓаните да добијат разбирлива слика за трошењето на јавните финансии. Исто така, Владата ќе усвои Програма за реформи на управувањето со јавните финансии 2018-2021, која треба да обезбеди стабилност и зајакнување на среднорочното планирање.

Од клучен приоритет во **борбата против организираниот криминал и корупцијата** е да се иницираат ефективни истраги, поведени и спроведени на законит начин, во согласност со принципите на објективност и непристрасност и ослободени од политичкото влијание и притисок. Во овој процес, целосно се земаат предвид препораките на домашните и странските експерти, како и на граѓанското општество.

Владата е цврсто определена кон почитување на **слободата на изразување, професионално и објективно работење на медиумите и новинарите**, без политичко влијание, притисоци или насилство од каков било вид.

Владата е посветена кон создавање услови за целосна независност и професионализација на јавниот радиодифузен сервис (МРТ) и целосна независност на регулаторното тело - Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Владата гради партнерство со медиумските здруженија и граѓанскиот сектор и отвори широк консултативен процес со медиумската заедница и граѓанските организации за можни измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за медиуми, како и за можни мерки за олеснување на работата на печатените медиуми.

Владата е ангажирана во континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со **граѓанското општество**. До крајот на 2017 година, ќе воспостави функционален Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по спроведени сеопфатни консултации со граѓанските организации и транспарентна постапка за избор на членовите на Советот. Користејќи ги како основа анализите и стратешките документи на граѓанските организации и со нивно директно и суштинско учество, во март 2018 година, Владата ќе усвои нова Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор со Акциски план за периодот 2018-2020. Заради обезбедување овозможувачка средина за развој на граѓанското општество, Владата ќе ја информира јавноста за текот на спроведените истраги насочени кон граѓанските организации.

Во делот на изборите, Владата ги прифаќа препораките на ОБСЕ / ОДИХР и на Венецијанската комисија и е посветена на отворање на сеопфатна дебата за законската и институционалната рамка за изборниот систем на транспарентна и инклузивна основа.

Политиките **на миграции и гранично управување** се исклучително важни прашања и нивните текови влијаат на насочување на социо-економскиот развој на државата, како и насочување и контрола на мерките кои се преземаат за заштита на безбедноста на државата и граѓаните. Во таа насока, преговарачкиот тим формиран од Владата ги започна преговорите со Европската комисија за Статусниот договор со Европската служба за гранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС). Исто така, во насока на усогласување на законодавството кое го регулира прашањето на права и обврски на странците, како и остварување на правото на азил, подготвени се нацрти на Законот за меѓународна и привремена заштита и Законот за странци.

Во делот на имплементацијата на **Охридскиот договор,** во духот на кохезија, Владата се договори за унапредување на имплементацијата на легислативните елементи. Во тој поглед, Законот за употреба на јазиците е во собраниска процедура, со што значително ќе се подобри официјалната употреба на јазиците на заедниците. Во Буџетот се предвидени дополнителни средства за спроведување на овој закон.

**Владата го следи и координира спроведувањето на Планот 3-6-9 преку следните механизми:**

- Политичките насоки ги дава **Министерската работна група** (МРГ) со која претседава Претседателот на Владата и Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, кој е и координатор на севкупниот процес. Во работната група учествуваат и министрите за внатрешни работи, правда, надворешни работи, одбрана, финансии, информатичко општество и администрација, министерот без ресор задолжен за комуникација, отчетност и транспарентност, и Генералниот секретар на Владата.
- Следењето на имплементацијата на мерките, навременото сигнализирање за недоследностите во имплементацијата и обезбедувањето на дневната комуникација го врши меѓу-ресорската **Ад хок експертска група**. Со Ад хок групата претседава Кабинетот на Претседателот на Владата, додека подготвката и координацијата ја врши Секретаријатот за европски прашања. Експерти вклучени во Ад хок групата се претставници на сите институции вклучени во МРГ.
- **Политичките одлуки ги носи Владата** и секоја нејзина редовна седница започнува со разгледување на статусот на имплементација на мерките и со усвојување на потребните одлуки.

### 1.2.1. ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Владата ќе работи на воспоставување на деполитизирана, професионална, ефикасна, одговорна и транспарентна администрација ориентирана кон обезбедување на ефикасни и квалитетни услуги на граѓаните и бизнис-секторот и ќе ги штити нивните права. Со примена на принципите на правичност и професионалност во регрутирањето и објективноста во промовирањето и наградувањето на вработените во јавната администрација, Владата на Република Македонија ќе создаде администрација која ќе биде деполитизирана и ќе биде посветена на решавање на проблемите на граѓаните и бизнисите, придржувајќи се кон законските и непристрасни принципи, додека ги извршуваат своите должности. Реформата на јавната администрација е долгорочен процес, а првиот чекор е подготовка на Нацрт стратегија за реформа на јавната администрација за периодот 2018-2022. Со цел да се подобрат и поедностават постапките за селекција, унапредување и евалуација на административните службеници, со што ќе се зголеми бројот на компетентни кандидати за вработување, но исто така ќе влијае и врз задржувањето на квалитетни и мотивирани вработени во јавната администрација во Република Македонија, предложени се измени на Законот за административни службеници. Детален преглед на активностите за унапредување на реформата на јавната администрација може да се најде во АНЕКС 2.

### 1.2.1-а ЧОВЕКОВИ ПРАВА, ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА

Владата на РМ е посветена на унапредување на промоцијата и заштитата на фундаменталните човекови права со акцент на создавање на еднакви можности за жените и мажите и превенција на секаков вид на насилство и дискриминација преку усвојување на единствена правна рамка што ги уредува сите форми на родово базирано насилство. Во овој контекст предвидено е да се усвои нов посебен закон во 2018 година - **Закон за родово базирано насилство.**

Во тој контекст, одговарајќи на релевантните грижи и препораки, подготвен е нов **Предлог-закон за спречување и заштита од дискриминација** со цел нејзино целосно усогласување со релевантните директиви на ЕУ и меѓународните стандарди.

Во тек се активности за **ратификување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство од 2011 година** (Истанбулска конвенција)**. До 10 декември се очекува да биде ратификувана.**

Министерството за труд и социјална работа и политика во соработка со МО изработи нацрт Програма за спроведување на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН со временска рамка 2018-2022 година.

Во насока на подигнување на статусот и мандатот на Секторот за еднакви можности, во план е да се формира Секретаријат за родова еднаквост при Владата на РМ. Со подготвителни активности за реализација на оваа цел ќе се започне во 2018та година.

**Интеграција на Ромите 2018-2020**

Во периодот од 2006 до 2017г., во соработка со Ромскиот образовен фонд, Министерството за труд и социјална политика го спроведува проектот "Вклучување на ромските деца во предучилишното образование". Според Проектот, бројот на наставници во градинките е зголемен (19), а во 2017г. се зголеми за 51% стапката на ромски деца запишани во прво одделение од основното образование. Овој проект ќе продолжи во 2018 година.

Друг важен проект е проектот наречен Ромски информативни центри - РИЦ, кој започна во 2007г.. Главната задача на овие центри е да им понуди на ромската заедница информации, совети и да обезбеди логистичка поддршка за да можат соодветно да ги остваруваат своите права и да ги исполнат своите граѓански должности. 12 РИЦ беа отворени до ноември 2017г.

**Програма - РОМАКТ**

Кон крајот на 2017г. ќе започне Програмата со име РОМАКТ. Оваа програма ќе се имплементира во координација со Советот на Европа. Програмата е продолжение на Програмата РОМЕД преку која се изврши обука на околу 100 медијатори во 10 Општини во РМ.

### 1.2.2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА И ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ

Имајќи предвид дека владеењето на правото е една од темелите на просперитетното и праведно општество, проследено со очигледна потреба за сеопфатно подобрување на состојбите во судството и градење на независен, непристрасен, професионален и ефикасен судски систем, оваа клучна област за владеење на правото останува главен приоритет во реформската агенда на Владата.

Клучниот документ кој е подготвен и кој поставува детален, структуриран и секвенционален патоказ за реформата е Стратегијата за реформа на судскиот сектор (2017-2022, со Акционен план). Таа ќе послужи како основа за реформите во судскиот систем, враќање на довербата во институциите, обезбедување правна сигурност, заштита на индивидуалните права и слободи на граѓаните и создавање на атмосфера на слободно судство, без какви било политички притисоци. Овој документ ги опфаќа сегментите како што се независноста и непристрасноста на судството, квалитетот и одговорноста на судиите, ефикасноста на судството, функционирањето на Основното јавно обвинителство, адвокатурата, нотаријатот, медијацијата, извршувањето, како и сферите на казненото, граѓанското, управното и прекршочното право. Забелешките и препораките на Европската комисија и Советот на Европа (Венецијанската комисија и ГРЕКО) беа целосно земени во предвид.

Покрај чекорите предвидени во Стратегијата, клучните приоритетни активности до крајот на 2017 и почетокот на 2018 година се дефинирани во Планот 3-6-9. Меѓу активностите што треба да се спроведат се: Укинување на Советот за утврдување на фактите и иницијација за утврдување на дисциплинска одговорност на судија, согласно мислењето на Венецијанската комисија; измена и дополнување на релевантните закони (Закон за судови и Закон за судски совет) во врска со дисциплинските мерки и оценувањето на судиите, со цел да се даде предност на квалитативните критериуми; Измени на Законот за заштита на сведоци се предлагаат за усвојување во Собранието со цел да се обезбеди непречено работење на Специјалното јавно обвинителство; Ќе се објави прв извештај за наодите и препораките од ревизијата спроведена од функционирањето на Системот за автоматско управување со предметите во Основниот суд Скопје I, Апелациониот суд Скопје и Врховниот суд, а доколку се утврдат недостатоци, извештајот ќе се поднесе за понатамошна обработка до надлежните органи. Исто така, оваа активност ќе продолжи и во другите апелациони судови и основни судови со проширена јурисдикција на случаен начин; изготвување на измените и дополнувањата на Законот за заштита на укажувачи и измени на Законот за заштита на сведоци.

Во делот на реформата на казнено-поправниот систем, врз основа на забелешките и препораките на Комитетот за превенција од тортура во рамките на Советот на Европа, воведени се мерки за подобрување на условите и капацитетите на казнено-поправните установи, спроведување на алтернативни санкции, како и подобрување на здравствената заштита и безбедноста.

Исто така, престојните активности во делот на казненото право ќе бидат сконцентрирани и кон зајакнување на функционирањето на Специјалното јавно обвинителство-СЈО[4] како самостојна институција во рамките на ЈО. Делата поврзани со прислушкувањето и случаи на корупција од висок профил, таканаречениот "криминал на белата јака" ќе бидат во нивна надлежност. Предвидено е продолжување на работата на СЈО со донесување на нов Закон за јавното обвинителство. СЈО ќе се трансформира во специјално јавно обвинителство со автономни надлежности во рамките на ОЈО на Република Македонија.

Посебен акцент ќе биде ставен на создавање финансиски, персонални, информациски и други претпоставки, со ургентно зголемување на буџетските вложувања, заради подигање на ефикасноста на судството и јавното обвинителство.

Еден од клучните сегменти во областа на независноста на судството и јавното обвинителство е и обуката на судиите и јавните обвинители. За таа цел, предвидуваме зајакнување на системот на континуирана едукација на судиите, судските соработници, јавните обвинители, нивните соработници и адвокатите.

Посебно значајно е да се нагласат активностите кои се насочени кон европеизација на судството и јавното обвинителство преку воведување на европските институционални и процесно-правни, менаџерски и други стандарди во функционирањето на судството, јавното обвинителство и адвокатурата; подготовка на судиите и јавните обвинители за нивно функцинирање во единствениот европски простор на правда; доследна примена на Европската конвенција за човековите права и другите меѓународни конвенции за човековите права и слободи, како и усогласување на материјалните и процесните закони со правото на ЕУ и хармонизација со законите на државите членки на ЕУ.

### 1.2.3. МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**МВР посебно внимание посветува на следните конкретни активности согласно приоритетните идни цели:**

- Зајакнување на оперативните капацитети, модернизација и стандардизација на полицијата со цел зголемување на нивото на јавната безбедност, превенција, спречување и борба со организираниот криминал, прекуграничниот криминал и илегалната миграција.
- Активности за воспоставување на надворешен и независен механизам за надзор за контрола на работата на полицијата (се мисли на вработени во Министерството за внатрешни работи со полициско овластување, меѓу кои и вработените во УБК. Полицијата за обезбедување на затвор, која не спаѓа под Министерството за внатрешни работи, туку под Министерството за правда, исто така ќе биде предмет на овој надзорен механизам).
- Превентивните активности со миграциските предизвици дава позитивни резулати во спречувањето на криумчарење, (намален е бројот на процесирани илегални мигранти и откривање на сторители на кривични дела криумчарење на мигранти намален за 56,3%);
- Превенција од радикализација, спречување терористички закани и дејствија и други противуставни активности од радикални и криминално-екстремни групи и поединци,.
- Јакнење на националната безбедност и поддршка на меѓународната безбедносна политика во спротивставувањето со тероризмот;
- Намалување на можноста од нарушување на безбедноста на класифицирани информации;
- Превентивното дејствување на полицијата преку зголемување на нивото на соработка и размената на информации со граѓаните и локалната самоуправа;
- Стабилен јавен ред и мир во функција на зголемен степен на безбедност во државата (намален број

[4] Подетално за СЈО 1.3.1-с

на извршените прекршоци со елементи на насилство- физички напади за 16,81% )
- Зголемена заштита и почитување на човекови слободи и права;
- Примена на полициските овластувања во согласност со начелата на законитост, пропорционалност и нужност (намален бројот на поплаки и преставки во однос на постапувањето на полициските службеници во врска со примената на овластувањата за 5% од претходната година);
- Градење на добри меѓуетнички односи и подеднаков третман на граѓаните пред Законот, понатамошен развој на демократски принципи во полициско работење и почитување на човековите права, согласно европските препораки и страндарди
  - ❖ Детални информации за тековните и планираните активности на Министерството за внатрешни работи може да се најдат во АНЕКС 3.
  - ❖

### 1.2.3 а РЕФОРМА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ И РАЗУЗНАВАЧКИТЕ СЛУЖБИ

Посебно внимание се посветува на реформата на безбедносните служби, особено на разузнавачката служба, поради големите прекршувања изложени во последниве години. Ефикасен и демократски надзор над разузнавачките служби е апсолутен приоритет. Владата презеде чекори за да обезбеди транспарентен и инклузивен процес на консултации и дебата во дефинирањето на најдобриот модел на реформи.

Првиот чекор во овој реформски процес беше дефинирање на модел за следење на комуникациите. Започна изготвувањето на Планот за имплементација на Препораките на високи експерти за владеење на правото за системски прашања поврзани со следење на комуникациите. Изготвувањето вклучува листа на законски документи, административни и технички мерки и финансиски импликации. Формирана е експертска група составена од 29 експерти од релевантни институции и со која претседава заменик-директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање. Главната задача на оваа група е да го подобри надзорот над процесот на прислушување, што води кон создавање на посебна институција, одвоена од Министерството за внатрешни работи (Службата за безбедност и контраразузнавање). Во овој контекст, процедурите за прислушување ќе бидат строго регулирани, во согласност со највисоките европски демократски стандарди и со целосно почитување на човековите права и слободи.

### 1.2.4. ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА И ИЗБОРНО ЗАКОНОДАВСТВО

Изминатата година Државната изборна комисија беше целосно посветена и ангажирана околу подобрувањето на квалитетот на Избирачкиот список со цел воспоставување на целосна доверба во истиот. За таа цел во текот на целата 2016 година, постапувајќи согласно измените и дополнувањата на Изборниот законик, кои произлегоа од меѓупартиските договори, Државната изборна комисија спроведе административни и теренски проверки на податоците во Избирачкиот список, а при крајот на годината успешно ги организираше и успешно ги спроведе предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија.

До крајот на 2017 и првата половина на 2018 година Државната изборна комисија своите активности ќе ги насочи главно околу реализација на следните краткорочни цели кои произлегуваат од Планот 3-6-9 на Владата на Р.Македонија во делот на изборите и тоа:

- Постепено усвојување на потребните подзаконски акти согласно препораките на ОБСЕ / ОДИХР и експертот на Венецијанската комисија,
- Зајакнување на капацитетите на Државната изборна комисија во делот на:
  - Доекипирање на правното одделение со цел да може да дава навремени мислења по поднесени приговори;
  - Доекипирање на секторите за Избирачки список и информатичка технологија со цел да се зголеми ефикасноста на комисијата; и
  - Добивање на трајно користење на просториите во кои е сместена стручната служба на комисијата

### 1.5.1 РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НАТО

Утврдени и континуирани реформи поврзани со НАТО и ЕУ го прават првиот столб на надворешната политика, што се рефлектира на оперативно ниво во рамките на планот на Владата 3-6-9, кој од своја страна е поддржан од Парламентот. Пред летото, Парламентарниот комитет за европски прашања усвои нацрт-декларација за забрзување на реформите и процесите на интеграција на Република Македонија во Европската унија и во НАТО, како еден од основните чекори за спроведување на реформите. Целта на Декларацијата е да го потврди и зацврсти целокупното единство, консензус и посветеност кон преземање заеднички напори за постигнување на стратешката определба за членство во НАТО и во ЕУ. Јавната поддршка за членство во НАТО останува висока и широко распространета. Според анкетата на ИРИ направена во април 2017 година, јавната поддршка за членството на земјата во НАТО изнесува 71%.

Излегувајќи од длабока и долга политичка, институционална и морална криза на неказнување, новата влада повторно го воспостави и зајакна политичкиот дијалог со НАТО, а сега Република Македонија се враќа на брзиот пат кон евроатланската интеграција.

Првата странска посета на премиерот Заев беше во Брисел, во рок од две недели по преземањето на функцијата, во јуни 2017 година. Ова беше потврда за силната и непоколеблива обврска и посветеност за интеграција во НАТО. Во придружба на министерот за надворешни работи Димитров, вицепремиерот и министер за одбрана Шекеринска, во штабот на НАТО, премиерот се сретна со генералниот секретар на НАТО, Столтенберг. Ова беше проследено во јули 2017 година, со посета на Македонија од помошникот на генералниот секретар на НАТО за јавна дипломатија, амбасадорот Илдем. На крајот на август 2017 година, МНР Димитров се состана со заменик-генералниот секретар на НАТО, Готемелер, на маргините на Стратешкиот форум Блед. Кон крајот на септември 2017 година, заменик-премиерот и министер за одбрана Шекеринска и министерот за надворешни работи Димитров се обрати на Северно-атлантскиот совет и се сретнаа со заменик-генералниот секретар на НАТО, Готемелер. Ова го означи заклучокот од 17-тиот циклус на Акциониот план за членство на Македонија во НАТО. Заменичката на претседателот на владата и министерка за одбрана, Радмила Шеќеринска учествуваше на состанокот на Северно-атлантскиот совет на НАТО (NAC+1), на ниво на министри за одбрана на земјите-членки и партнери во формат „Одлучна поддршка" на 29ти јуни и 07 ноември 2017 година во Брисел".

Република Македонија ќе го зголеми својот активен придонес кон глобалната безбедност, особено во мисиите предводени од НАТО. Во моментов, Македонија учествува во мисијата за поддршка на НАТО во Авганистан (38 лица и 1 персонал во мултинационалниот тим на Јадранската повелба), како и во мисијата ЕУ АЛТЕА (во Босна и Херцеговина) и во Мисијата на ОН УНИФИЛ (во Либан) . Република Македонија, исто така, обезбедува логистичка поддршка за Мисијата на КФОР во Косово, продолжувајќи да служи како главна комуникациска линија за силите на КФОР.

Македонија сериозно ја разгледува можноста за зајакнување на своето учество со цивилниот и воениот персонал во операциите и мисиите предводени од НАТО, независно и како дел од своите активности во рамките на Американско-јадранската повелба. Владата веќе донесе одлука за зголемување на придонесот за Мисијата за решавање на проблемот со 20% следната година

Со измената на Законот за цивилно учество во операции и меѓународни организации, со кој се регулира продолженото времетраење на мисиите и мисиите на фазите и нејзината примена до сите граѓани, влезе во владина процедура.

Македонија, исто така, ќе продолжи да ја зајакнува својата улога на обезбедувач на услуги на регионално и глобално ниво. Во контекст на активниот придонес на земјата во регионалната безбедносна соработка, Република Македонија моментно претседава со Управната група за безбедносна соработка во Југоисточна Европа (SEEGROUP) и Американско-јадранската повелба (А5). Македонија е исто така домаќин на Регионалниот центар за односи со јавноста (РЦОЈ/PARC), кој е дел од постојаната структура на Министерството за одбрана.Овој Регионален центар за односи со јавност во Скопје (ПАРЦ) е единствениот национален центар сертифициран и како НАТО Центар за обука и образование за партнерство (НАТО ПТЕЦ) од јуни 2013 година и единствен во НАТО мрежата на 31 ПТЕЦ центри специјализиран за образование и обука во делот на односите со јавноста. Македонија е домаќин и на седиштето на Балканските медицински наменски сили, а од 2020 година ќе биде и рамковна земја на овие сили, а во периодот 2020-2026 година ќе биде домаќин на штабот на СЕЕБРИГ.

Специјалниот состанок на шефовите на држави и влади во рамките на Јадранската повелба, ко-организиран и ко-домаќин од страна на премиерите на Македонија и Црна Гора, Заев и Марковиќ, на 2 август 2017 година во Подгорица, на кој присуствуваше потпретседателот на САД Пенс, нов поттик за забрзување на европскиот и евро-атлантскиот интегрална регионот и нејзиниот придонес кон регионалната и глобалната безбедност. Република Македонија останува силно посветена на имплементацијата на Акциониот план за членство (МАП). Министерството за надворешни работи ги координираше меѓуагенциските напори и подготовката на Годишната национална програма за 2017-2018 година. Паралелно, во тек се активности насочени кон зајакнување на присуството и видливоста на Македонија во НАТО и нејзините земји-членки, како и видливоста на НАТО во Македонија, притоа користејќи алатки и механизми на НАТО / ЕАПС / ПзМ. Годинава се одржаа

голем број настани и проекти на НАТО организирани во областа на јавната дипломатија, како и во рамките на програмата на НАТО за наука за мир и безбедност (СПС).

### 1.5.2. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕУ

Клучниот приоритет на Република Македонија останува почеток на пристапните преговори без натамошно одложување. Итен приоритет е обновувањето на препораката за започнување на преговорите за пристап. Владата ќе продолжи со спроведувањето на реформите насочени кон исполнување на стандардите потребни за пристапување во ЕУ, а активно промовира добрососедски односи и регионална соработка. Покрај тоа, Република Македонија ќе продолжи да ги почитува своите обврски согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација и понатаму ќе се усогласува со европското законодавство преку спроведување на мерки и активности предвидени со Националната програма за усвојување на правото на ЕУ . Македонија веќе 11 години е корисник на Инструментот за претпристапна помош на ЕУ - ИПА и веќе влезе во напредната фаза на имплементација на вториот развој на овој инструмент за финансиска помош - ИПА 2 (програмски циклус 2014-2020). Во овој контекст, Владата прави континуирани напори за понатамошно зајакнување на институционалните капацитети за ефикасно користење на помошта, механизмите за внатрешна координација и да обезбеди висок степен на сопственост и управување со фондовите на ЕУ. Исто така, Република Македонија континуирано се усогласува и придонесува кон надворешната, безбедносната и одбранбената политика на ЕУ; тогаш продолжува да се усогласува со декларациите, изјавите и одлуките на Советот на ЕУ во врска со рестриктивните мерки и е посветен на постигнување на високо ниво на конвергенција со правните документи на ЕУ во областа на ЗНБП на ЕУ. Македонија, исто така, се усогласи со целата декларација и изјавите на ЕУ и другите меѓународни организации во врска со ситуацијата во Украина, но не ги презела одлуките на Советот во врска со рестриктивните мерки во поглед на ситуацијата во Украина. За Македонија, нема алтернатива за интеграцијата во ЕУ. Во наредниот период, Македонија упорно ќе работи на постепено целосно усогласување со Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ. Отворањето на пристапните преговори со ЕУ (Поглавје 31) ќе биде од голема помош во овој поглед. Координативното тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки ќе продолжи со своите активности за координација насочени кон постигнување на ефикасност во спроведувањето на мерките. Со цел да се одговори на препораките на MONEYVAL, подготвен е нов Предлог-закон за рестриктивни мерки. Законот планира да го донесе Собранието на Република Македонија во текот на 2017 година.

По покана од ЕУ, Република Македонија редовно и активно учествува во билатералниот политички дијалог со ЕУ во различни формати и тела, вклучително и на неформални состаноци на владините претставници на држави-кандидати на високо ниво со претставници на институциите на ЕУ и земјите-членки на ЕУ. Република Македонија учествува на состаноците на Воениот комитет на ЕУ (ЕУМЦ) и Комитетот за политичка безбедност (ПСК) во форматот +7, со претставници од европските земји кои не се членки на ЕУ и НАТО и земјите кандидати за членство во ЕУ. Понатаму, Македонија учествува на состаноците на Комитетот на соработници на операцијата Алтеа, како и на конференциите за генерација на Глобалните сили на ЕУ. Со цел градење на административните капацитети, претставниците на Република Македонија ќе продолжат да учествуваат на обуки поврзани со надворешната политика на ЕУ за безбедност и одбрана.

### 1.5.3. РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА И РЕГИОНАЛНА ИНИЦИЈАТИВА

На земјата е активно вклучена во низа постоечки регионални структури, вклучувајќи го Процесот за соработка во Југоисточна Европа (СЕЕЦП), неговата оперативна рака на Советот за регионална соработка (РЦЦ), како и Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), Регионалниот центар СЕЛЕК во Букурешт, Регионалниот центар МАРРИ и Здравствената мрежа на ЈИЕ, со седиште во Скопје. Земјата, исто така, е активно вклучена во активностите во форматот WB6, за поддршка на принципот на сеопфатно вклучување. Исто така, активно учествуваше во формирањето на новите регионални структури, РИКО и ВБФ, со седиште во Тирана, транспортната соработка во Југоисточна Европа (ЈИЕ) да се смести во Белград. Следната пролет, Република Македонија ќе биде домаќин на

Дигиталниот самит на Светската банка во 2018 година, под покровителство на Берлинскиот процес. Овој Самит ќе биде прв од овој профил во Регионот, како дел од напорите за зајакната регионална размена и дијалог.

### 1.5.4. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОСЕДСКАТА СОРАБОТКА

Посветеноста на Република Македонија кон добрососедство е обновена со нов ентузијазам, јасна визија и конкретни активности. Транспарентни и отворени односи, засновани на заемно почитување и заемно корисна соработка, се градат со сите земји од нејзиното непосредно соседство: Албанија, Бугарија, Грција, Косово и Србија. Инвестирани се наменски напори насочени кон решавање на билатералните прашања, со цел да се пренасочи вниманието од игрите со нулта сума на заедничката евроатлантска иднина на Регионот. Значаен напредок е веќе постигнат во овој поглед.

**Република Албанија**

Република Македонија и Република Албанија се залагаат за интензивирање и зајакнување на нивната добрососедска соработка, заснована на политички дијалог на високо ниво, како и заеднички стратешки интереси, цели и вредности. Со изборот на новите влади, во односите меѓу двете земји беше воведена нова динамика. Во јули 2017 година, заменичката на претседателот на владата и министерка за одбрана Радмила Шеќеринска, оствари прва официјална средба на Република Албанија како соседна земја членка на НАТО. Исто така во јули 2017 година Министерот за надворешни работи, Никола Димитров и министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, оствари ја работни посети во Република Албанија.

На интензивната агенда за состанок беше постигнат договор за одржување на првата заедничка седница на Владата на 15 декември 2017 година во Поградец, Албанија. Подобрувањето на билатералната економска соработка останува висок приоритет, покрај изградбата на делниците за поврзување инфраструктура долж Коридорот 8 и други инфраструктурни проекти важни за двете земји и за регионот, како целина. Исто така постои интерес за проширување на билатералната договорна рамка (36 договори и 36 документи, од кои - 10 иницијативи / постапки за склучување на нови договори и документи се во тек). Фокусот е ставен на размена на мислења за полноправна европска и евроатланска интеграција на Регионот, како и за можните настани во миграционата криза и другите безбедносни закани во Регионот.

**Република Бугарија**

Со потпишувањето на Договорот за пријателство, Добрососедство и соработка со Бугарија на 1 август 2017 година, беше важна пресвртница во односите меѓу двете земји, надминувајќи ги комплексните разлики и потврдувајќи ја подготвеноста на двете страни да се фокусираат на заедничката европска иднина на своите граѓани. Со овој Договор, двете земји ја потврдија својата посветеност на соработката и напредокот во европскиот дух, што директно ќе придонесе за натамошен развој на односите и стабилноста на двете земји и регионот. Препознавајќи ја потребата и важноста за работа на инфраструктурата и енергетската меѓусебна поврзаност, беа потпишани два Меморандуми за соработка во областа на енергетиката и железниците. Овие меморандуми поставија план за спроведување на конкретни иницијативи за соработка во областите на инфраструктурата и енергетската меѓусебна поврзаност. На 23 ноември 2017 година се одржа првата заедничка седница на двете влади, што резултираше со потпишување на 10 билатерални документи, чија цел е понатамошно зајакнување на соработката во неколку конкретни области.

**Република Косово**

Односите со Република Косово и понатаму се конструктивни и се засноваат на меѓусебно почитување и транспарентност. Напорите за зајакнување на добрососедските односи и за зголемување на билатералната соработка беа потврдени со официјалната посета на првиот заменик премиер и министер за надворешни работи на Република Косово, Беџет Пацоли во Скопје, во октомври 2017 година, како и посетата на премиерот Заев Приштина во декември 2017 година. Земјите се посветени на интензивирање на соработката во повеќе области, со посебен акцент на економијата и трговијата. Еден од приоритетите во продолжувањето на оваа соработка

ќе биде свикување на првата заедничка седница на владите на двете земји во почетокот на 2018 година. Македонија продолжува да ги поддржува аспирациите на Косово за членство во регионалните организации, врз основа на принципот на сеопфатност.

**Република Србија**

Билатералните односи со Република Србија продолжија да се развиваат на конструктивен начин, додека предизвиците беа решавани и брзо решени од двете страни. Отворениот и продуктивен дијалог се промовира на високо и највисоко ниво, во билатерални, регионални и мултилатерални средини. На последната средба меѓу двата министри за надворешни работи во август во Ниш, Србија, како и во неодамнешната официјална посета на премиерот Заев во Србија, беше повторена заложбата за заеднички и конструктивен соседски ангажман. Владите на двете земји веќе одржаа две заеднички сесии, 2013 и во 2015 година. Третата сесија се очекува да се одржи во наредниот период во Белград. Политичките консултации меѓу министерствата за надворешни работи на двете земји се одржаа во Белград во почетокот на октомври 2017 година. Поврзувањето на инфраструктурата меѓу двете земји останува клучен приоритет.

**Хеленска Република**

Отворено е ново поглавје во односите со Грција и активностите во оваа почитта веќе е во тек. Првата странска посета на министерот Димитров во Атина, во јуни 2017 година, го постави тонот за зајакната доверба и заемната доверба која продолжува да се засилува на конзистентна основа. Водени од оваа нова решеност, воспоставени се директни и чесни комуникациски канали, со чести средби меѓу двата министри за надворешни работи. Досега се одржаа шест состаноци во рамките на мерките за градење на доверба, правејќи практичен придонес кон создавање на позитивна клима на взаемна доверба и соработка во насока на надминување на разликата во отвореното име. Република Македонија продолжува да игра активна и конструктивна улога во изнаоѓање на соодветно решение за разликата во името, под покровителство и медијација на ООН, во согласност со меѓународното право и меѓународно признатите правила и норми. Новиот круг на состаноци со учество на личен претставник на ОН ГШ, амбасадорот Метју Нимиц, е закажан за декември 2017 година.

1.5.5. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА Република Македонија смета дека мултилатерализмот е еден од клучните инструменти за промовирање на основните принципи на мир, демократија, човекови права и развој. Главната цел што Република Македонија го следи во овој контекст е зајакнување на нејзините активности во рамките на Обединетите нации преку промовирање политики насочени кон темелните вредности на Организацијата. Република Македонија вложува напори да го зголеми својот придонес во мировните операции на ОН, како и нејзините капацитети за обезбедување хуманитарна и развојна помош.

1.5.5-а ОН

Во согласност со агендата на 72-то Генерално собрание на ОН, Република Македонија ќе ги фокусира своите активности врз следните приоритетни прашања: реформи на ООН, јакнење на улогата на ООН во спречувањето на конфликти, за зачувување на мирот, а потоа Агендата 2030 година, разоружување, контрола на оружјето и неширење, зајакнување на улогата на Меѓународниот кривичен суд, борбата против тероризмот и насилниот екстремизам, климатските промени и нејзиното глобално влијание и одржлив развој (Македонија го ратификува Париззскиот климатски договор во ноември 2017 година), почитување и заштита на човековите права и во овој контекст јакнење на улогата на Советот за човекови права, миграција, Резолуцијата 1325 на ОН на ОН за жените и мирот и безбедноста, промовирање на улогата и учеството на жените и зајакнување на р ole на младите.

1.5.5-б СОВЕТ НА ЕВРОПА

Имплементацијата и промовирањето на принципите и стандардите на Советот на Европа и унапредување на соработката со експертски мониторинг Телата на Советот на Европа и понатаму остануваат приоритети на земјата во наредниот период. Република Македонија придава големо

значење на реформите насочени кон обезбедување на долгорочна ефикасност на Европскиот суд за човекови права.

1.5.5-в ОБСЕ

Република Македонија е посветена на почитување на своите обврски од политичко-воените, економските и човечките димензија на ОБСЕ. Таа ја продолжува соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје со цел да ги комплетира заедничките проекти во согласност со реалните потреби, заеднички дефинираните приоритети и внатрешната реформска агенда, со цел демократски развој на земјата и нејзиниот напредок во процесот на интеграција во ЕУ. Земјата останува посветена на зголемување на присуството на македонски претставници во мисиите на ОБСЕ, како и во мисиите за набљудување на изборите на ОБСЕ / ОДИХР. Ги поддржува активностите на ОБСЕ во решавањето на украинската криза и наоѓањето на дипломатско решение. Според тоа, Република Македонија има свои службеници за следење како дел од Специјалната набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина и во Мисијата на ОБСЕ за набљудување на руските контролни пунктови Гуково и Донецк.

## ПОГЛАВЈЕ II

## 2. ОДБРАМБЕНИ И ВОЕНИ ПРАШАЊА[6]

### 2.1. Одбранбена политика

Целта на надворешната и одбранбената политика на Република Македонија е членство во НАТО и ЕУ. Република Македонија ќе продолжи да истражува дополнителни начини за активна и сеопфатна соработка на полето на одбраната со своите соседи, регионот и земјите партнери, во остварувањето на националните интереси и придонесот кон севкупната стабилност и безбедност

Во таа насока, меѓу другото, неодамна потпишавме писма на намери со Министерството за одбрана на Република Бугарија за проширување на одбранбената соработка на полето на обуката и образованието, како и воздухопловните и специјалните сили. Во тек се разговори за заеднички вежби со Словенија и соработка со спецуиајлните сили на Хрватска.

Република Македонија ќе продолжи да дава свој придонес во одржувањето на безбедноста и мирот во светот и регионот, преку активното учество во операции за поддршка на мирот, првенствено предводени од НАТО.

Покрај тоа, во 2018г. Република Македонија ќе го зголеми својот придонес во мисијата Одлучна поддршка во Авганистан за 20%.

Дополнително, ќе распоредиме уште двајца штабни офицери во рамките на италијанскиот контингент во мисијата УНИФИЛ во Либан, како дел од Здружените наменски сили во сектор запад на Либан.

МО активно ги подржува активностите кои се однесуваат на спречување на конфликти и кризи и имплементацијата на Конвенцијата за контрола на вооружувањето и непролиферацијата на оружје за масовно уништување.

Развојот и имплементацијата на одбранбената политика и спроведувањето на одбранбеното планирање ќе го засноваме на проактивност во управување со процесот на планирање и ефикасност во извршувањето на одбраната и управувањето со одбранбените ресурси.

Конкретно, сеопфатноста во меѓународната соработка, ќе се рефлектира и преку активна одбранбена дипломатија, билатерална и мултилатерална одбранбена и воена соработка заснована на принципите на Smart Defence” и “Pooling & Sharing”. Со други зборови, Министерството за одбрана и армијата ќе продолжат фокусирано да работат во правец на исполнување на стратешките определби на Владата на Република Македонија: зачленување во НАТО и ЕУ, придонес кон регионалната и евроатлантската безбедност и стабилност, постојано унапредувајќи ги добрососедските односи.

---

[6] Тековни и планирани активности од МО, АРМ, Воената Академија и други институции во АНЕКС 9

**2.2 Реформи во Министерството за одбрана и трансформација на Армијата на Република Македонија**

Министерството за одбрана иницираше нов Стратешки одбранбен преглед и процес за изработка на Стратегија за одбрана чија цел е проценка на клучните закани и способностите неопходни за нивно спречување.

Со изработката на овие стратешки документи ќе биде дадена визија за развој на идните капацитети и способностите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија (АРМ), согласно стандардите на НАТО Алијансата. Притоа, ќе биде извршена темелна анализа на актуелната организациска структура и капацитетите на МО, како и моменталните воено - одбранбени капацитети и способности на АРМ. Ќе бидат дефинирани соодветни насоки за понатамошен развој и одржување на идните воени способности. Воедно, земено предвид дека ќе биде речиси невозможно да се направи визија за долгорочниот развој на одбранбениот сектор без да се има јасна слика за потребите, ќе ги идентификуваме реалните ресурси кои ќе бидат ставени на располагање на одбранбениот сектор. Покрај тоа, ќе се обезбедат стратешки насоки за развој и фунцкионирањње на одбранбениот систем на Република Македонија.

Врз основа на новиот Стратегиски одбранбен преглед и Стратегијата за одбрана ќе се изработи нов Долгорочен план за развој на одбраната, за периодот 2019-2028, а во согласност со потребните способности и расположливите ресурси ќе биде ревидиран Планот за опремување и модернизација на АРМ. Приоритетите во процесот на опремување и модернизација на АРМ ќе бидат синхронизирани со обврските од Партнерските цели. Тежиштето ќе биде ставено на опремувањето на копнените сили и единиците декларирани за НАТО и ЕУ.

**2.3 Човечки ресурси**

Системот за управување со човечки ресурси треба да обезбеди квалитетен воен и цивилен персонал за Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, способен да се справи со новите безбедносни предизвици.

Преку подобрување на работните процеси, ќе обезбедиме ефикасен Систем за управување со човечки ресурси, привлекување на образовани, стручни и компетентни поединци, задржување и развој на постоечкиот персонал, обезбедување современи услови за работа, обука и образование.

Ќе биде изработена сеопфатна функционална анализа на МО и АРМ комплементарно со новиот Стратегиски одбранбен преглед со која ќе се утврдат основните и комплементарни функции и неопходните способности и капацитети за нивно извршување.

**2.4 Образование и обука**

Ќе вложиме максимални напори за воспоставување и развивање на интегриран, ефикасен систем за образование и обука за потребите на државните (административни) службеници во министерството и воените и цивилните лица на служба во Армијата. Со изработката на Стратегискиот одбранбен преглед ќе се ажурираат приоритетите, целите, активностите, местото, улогата и надлежностите на субјектите во процесот на образованието и обуката во министерството и Армијата. За прв пат во 2018, Воената Академија ќе започне нов втор циклус на академски студии за кибер безбедност и дигитална форензика.

Со цел зголемување на интероперативноста, Република Македонија се вклучи во Програмата на НАТО за унапредување на образованието во одбраната (DEEP) која ќе ги зајакне нашите одбранбени образовни институции, пред сè Воената Академија.

Образованието и стручното усовршување, генеричките обуки предвидени за стручно оспособување и усовршување на административните службеници и школувањата, обуките и вежбите во странство ќе се третираат како комплементарни делови на севкупниот цивилно-воен образовен систем.

Особено внимание ќе посветиме на постигнување на интероперативност на декларираните капацитети преку учество на вежбовни активности со сојузниците и земјите партнери.

**2.5 Логистичка поддршка**

Системот за логистичка поддршка продолжува да се трансформира и развива во насока на обезбедување на неопходна логистичка подтовеност на декларираните капацитети како и оптимизација на логистичкиот синџир преку развивање на Логистички информациски систем со кој движењето на материјалите и ангажирањето на ресурсите ќе се оптимизира а со тоа и обезбеди поголема ефикасност и ефективност на системот за логистичка подршка на одбраната.

Претстојната трансформација во логистиката ќе биде фокусирана кон подобрување на логистичкиот систем во одбраната преку ревизија на Концептот за логистичка поддршка во одбраната, подобрување на системот за набавки и аквизиција, прилагодување на структурата на сили, примената на современи технологии и ревизија на програмата за оспособување на логистичкиот персонал.

**2.6 Меѓународна соработка**

Министерството за одбрана во насока на одржување и усовршување на своите одбранбено/воени капацитети како и исполнување на критериуми за полноправно членство во НАТО спроведува перманентна меѓународна соработка на билатерално, регионално и на мултилатерално ниво.

Министерството остварува билатерална соработка со вкупно 35 земји и има намера соработката со одредени земји да ја издигне на ниво на годишни одбранбени билатерални консултации во формат на стратешки разговори.

Преку активно учество во регионални иницијативи, сакаме континуирано да ги унапредуваме заедничките способности и капацитети и да ги споделуваме заедничките вредности за постабилна иднина на регионот.

Конкретните регионални проекти на кои заеднички работиме се: придонес во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан, Балкански регионален пристап за против-воздушна одбрана; Балкански медицински наменски сили; и учество во Мултинационални мировни сили на Југоисточна Европа (SEEBRIG).

Во 2017 година Република Македонија е претседавач со САД - Јадранската Повелба, во чии рамки МО беше домаќин на Состанокот на политичките директори, Состанокот на ниво на Началници на Генералштабови, Состанокот на ниво на министри за одбрана и беше домаќин на вежбата Joint Reaction во септември 2017 година.

Министерството за одбрана е инволвирано во регионалниот проект за формирање на Балканските медицински наменски сили (Balkan Medical Task Force) чија Постојана Организација е со седиште во Скопје. Дополнително, во рамките на SEDM иницијативата донесена е одлука командата на SEEBRIG (South-East European Brigade) во периодот 2020-2026 да биде лоцирана во Република Македонија.

Со цел унапредување и зајакнување на постојната соработка со НАТО, Република Македонија планира да го зголеми своето учество во меѓународни вежби и мисии предводени од НАТО согласно своите можности и капацитети, но и да отпочне билатерални воени консултации на ниво Воен комитет на НАТО+1 на годишно ниво.

Во 2018 година, Република Македонија ќе направи анализа за евентуално зголемување на учеството со персонал во Врховната команда на сојузничките сили за Европа (SHAPE), Мисијата на Република Македонија при НАТО и Партнерските штабни елементи (PSE) во командите и штабовите на НАТО.

Република Македонија учествува во операции преводени од ООН и во операцијата АЛТХЕА во БиХ.

Во контекст на Заедничката безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија, Република Македонија ги разгледува можностите за дополнителен придонес во рамките на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) и покрена Иницијатива за отпочнување на соработка со Европскатата одбранбена агенција (EDA). По дефинирањето на потенцијалните области на соработка помеѓу Министерството за одбрана на Република Македонија и EDA, ќе се пристапи кон склучување на Административен аранжман, со што се овозможува унапредување на интероперативноста со земјите-членки на ЕУ.

Република Македонија ќе продолжи континуирано да ги реализира обврските од членството во мултилатералните организации. Мултилатералната меѓународна соработка практично е поддржана со пристапувањето кон бројни конвенции, но и со учеството во многу регионални инцијативи и проекти. Одбраната комплементарно ќе настојува да ги поддржи истите со усвојување на национални стратегии како што е примерот со Стратегијата за справување со пролиферација на ОМУ и заштита од ХБРН закани.

## ПОГЛАВЈЕ III

## 3. РЕСУРСИ ВО ОДБРАНАТА[7]

Во 2017 година одобрениот Буџет на Министерството за одбрана изнесуваше 6.240.400.000 денари (околу 101 милиони ЕУР).

Со ребаланс на буџетот, во август 2017 година, Буџетот на Министерството за одбрана беше намален и изнесува 5.729.346.000 денари (околу 93 милиони евра).

Распределбата по категории на трошоци на почетно одобрениот и ребалансираниот буџет за 2017 година е следна:

| Ред. . | Категорија на трошок | Почетен буџет (01.01.2017) МКД/ЕВРА | ребалансиран буџет (август - 2017) МКД/ЕВРА |
|---|---|---|---|
| 1. | персонал | 3.810.830.000/ 61,964,716 € | 3.945.830.000/ 64,159,837 € |
| 2. | операции и одржување | 1.098.570.000/ 17,862,926 € | 1.134.516.000/ 18,447,414 € |
| 3. | опремување и фраструктура | 1.331.000.000/ 21,642,276 € | 649.000.000/ 10,552,845 € |
| | вкупно | 6.240.400.000/ 101,469,918 € | 5.729.346.000/ 93,160,097 € |

Во почетно одобрениот буџет за 2017 година одобрените средства за персоналот и за операции и одржување, беа под потребниот минимум. Поради тоа со ребалансот на буџетот се првенствено се обезбедија потребните средства за тие видови на трошоци.

Поради раскинување на склучени договори за опремување на АРМ во 2016 година, на неколку дена пред формирање на новата Влада, и непостоење на законска можност за склучување на нови договори до крајот на 2017 година, со ребалансот се намалија и средствата наменети за опремување.

Од изнесените податоци може да се заклучи дека со ребалансот беа зголемени средства за персоналот и операции и одржување, а за опремување, поради раскинатите договори, износот беше намален во рамките на реалните предвидувања за реализација до крајот на 2017 година.

Предлог буџетот на Министерството за одбрана за 2018 година, изнесува 6.500.000.000 денари (околу 106 милиони евра), или 1,01% од БДП.

| Ред.б | Категорија на трошок | Ребалансиран буџет – 2017 МКД/ЕВРА | Предлог буџет – 2018 МКД/ЕВРА | Зголемување МКД/ЕВРА | % на пора |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | персонал | 3.945.830.000/ 64,159,837 € | 4.160.500.000/ 67,650,406 € | 214.000.000/ 3,479,674 € | 5,44 |
| 2. | операции и ржување | 1.134.516.000/ 18,447,414 € | 1.347.500.000/ 21,910,569 € | 212.984.000/ 3,463,154 € | 18,77 |
| 3. | опремување и фраструктура | 649.000.000/ 10,552,845 € | 992.000.000/ 16,130,081 € | 343.000.000/ 5,577,235 € | 52,85 |
| | | 5.729.346.000/ 93,160,097 € | 6.500.000.000/ 105,691,056 € | 770.654.000/ 12,530,959 € | 13,45 |

[7] Забелешка: За износите во ЕУР се користеше девизен курс од 61,5 МКД во однос на еврото

Распределбата по категории на трошоци на Предлог буџетот за 2018 година е следна:

- персонал околу 64%,
- операции и одржување околу 21% и
- опремување и инфраструктура околу 15%.

Во септември 2017 година Министерството за одбрана започна изработка на СОП-2018. Очекуваме, со усвојувањето на СОП-2018, како дел од крајните цели, да се:

- утврди нова поефикасна и одржлива структура на Армијата и Министерството за одбрана,
- донесе нов Долгорочен план за рзвој на одбраната и нов (реален) План за опремување и модернизација на Армијата со утврдени проекти и приоритети и
- со акт на Владата/Собранието да се обезбеди перманентен пораст на буџетот на Министерството за одбрана, со што ќе гарантира стабилно финансирање на идната структура на Армијата, Планот за опремување и модернизација и одржливоста на истите.

Со цел исполнување на стратешките цели за евроатланска интеграција, Владата ќе воспостави стабилно буџетирање за одбраната. Растот на буџетот Министерството за одбрана, иницирран во 2018 година, ќе продолжи додека не дојде до декларираната заложба на земјите-членки на НАТО за трошење на околу 2% од БДП за одбраната.

## ПОГЛАВЈЕ IV
## 4. БЕЗБЕДНОСНИ ПРАШАЊА[8]

Во текот на 2017-2018 година, дел од главните приоритети на Република Македонија во рамките на безбедносната политика и соработка со евроатлантските структури продолжуваат да бидат континуираното применување и унапредување на меѓународните стандарди за ракување со класифицирани информации.

Притоа, акцентот на работата на ДБКИ во однос на подготовките за членство во НАТО ќе биде ставен на: одржување висок степен на безбедносна култура кај корисниците на класифицирани информации преку континуирана кампања, унапредување на националната правна регулатива за заштита на класифицираните информации, примена на НАТО стандардите, вршење инспекциски надзор и унапредување на степенот на заштита на националните мрежи низ кои се процесираат класифицирани информации по електронски пат.

На национално ниво, продолжуваат соработката со носителите на криптозаштитата во Република Македонија при спроведувањето на активностите за донесување нова Уредба за криптозаштита, меѓуинституционалната соработка и спроведувањето обуки за ракување со класифицирани информации, додека на регионално и на меѓународно ниво продолжува соработката со сродните служби на странски држави и меѓународни организации и активното учество во форуми за соработка.

## ПОГЛАВЈЕ V
## 5. ПРАВНИ ПРАШАЊА

Република Македонија нема законски пречки за полноправно членство на земјата во Северно-атлантската договорна организација (НАТО).

[8] Преглед на подетални активности во Анекс 10

**АНЕКС 1 Политичкиот дијалог и јакнење на улогата на Собранието**

**Цел: Унапредување на политичкиот дијалог**

**Активност 1: Планот на Владата "3-6-9" и активностите на Собранието на Република Македонија поврзани со мерките од Планот**

**Индикатори:**

- Мерка од Планот 3-6-9 - "Заради зајакнување на отчетноста, Владата му предлага на Собранието, покрај редовните, да воведе и тематски пратенички прашања, еднаш неделно, во траење од еден час" - потребни се измени и дополнувања на Деловникот на Собранието на Република Македонија
- Мерка од Планот 3-6-9 - "Задолжително елаборирање пред собраниските тела на предлог законите од страна на Владата на експертско ниво" - потребни се измени и дополнувања на Деловникот на Собранието на Република Македонија
- Мерка од Планот 3-6-9 - "Вклучување на собраниските комисии за надзор на разузнавачките служби во проектот за реформа на разузнавачките и безбедносните служби" - потребно е утврдување на конкретни активности и надлежна институција која ќе биде носител на реализацијата на оваа мерка

| **Временска рамка:** 2017-2018 | **Фискални импликации:** | **Главен носител/и:** Собрание на РМ |
|---|---|---|

**Активност 2: Континуирани активности во работата на Собранието и собраниските тела**

**Индикатори:**

- Континуирано спроведување на Деловникот на Собранието на Република Македонија
- Донесување на закони, донесување на измени и дополнувања на закони, ратификација на меѓународни договори, одлуки
- Континуирана работа на собраниските комисии и други работни тела, одржување на редовни седници и јавни расправи
- На 14 септември 2017г. СРМ објави оглас за нов Јавен обвинител на РМ

| **Временска рамка:** 2017-2018 | **Фискални импликации:** | **Главен носител/и:** Собрание на РМ |
|---|---|---|

**Активност 3: Средби на Претседателот на Собранието на РМ со претставници на меѓународната заедница на високо ниво**

**Индикатори:**

- На 05 мај 2017г. во рамки на првата работна посета на Брисел, остварена средба со г-ѓа Федерика Могерини, Висока претставничка за надворешни работи и безбедносна политика на ЕУ, со г. Јоханес Хан, Комесар за добрососедска политика и проширување на Европската комисија и со пратениците на Европскиот Парламент г. Иво Вајгл, г. Едуард Кукан, г. Алојз Петерле и г. Кнут Флекенштајн
- На 12 мај 2017г. остварена работна средба со амбасадорите на земјите-членки на ЕУ, акредитирани во РМ
- На 22 мај 2017г. остварена средба со делегација на високи офицери и цивили од Кралскиот Колеџ за одбрамбени студии од Лондон, предводена од г. Николас Еванс
- На 25 мај 2017г. остварена средба со г. Тачан Илдем, Помошник генерален секретар на НАТО за јавна дипломатија
- На 19 јуни 2017г., во рамки на 8от Парламентарен безбедносен форум во Рига, остварена средба со г. Роберт Питинџер, американски конгресмен и претседател на Конгресната работна група за тероризам и неконвенционално војување и иницијатор на овој Форум
- На 03 и 04 јули 2017г., на покана на претседателот на Собранието на Црна Гора, остварена официјална посета на Црна Гора
- На 01 август 2017г., во рамки на официјалната посета на Република Бугарија на Република Македонија, остварена средба со делегација од Република Бугарија предводена од премиерот Бојко Борисов
- На 27 октомври 2017г. на покана од Спикерот на Унгарскиот Парламент, остварено учество на Конференцијата на спикери на парламенти од Западен Балкан, во Будимпешта

| **Временска рамка:** 2017 | **Фискални импликации:** | **Главен носител/и:** Собрание на РМ |
|---|---|---|

**АНЕКС 2 Активности за унапредување на реформите во јавната администрација**

<table>
<tr><td colspan="3">Цел 1: Стручна и професионална јавна администрација ориентирана кон давање на квалитетни услуги по мерка на граѓаните и бизнисите.е и бизнис заедницата</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 1: Остварување на приоритетите утврдени во АП за 2018 на Стратегија за реформа на јавната администрација – РЈА (2018-2022)</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатори:<br>-% на реализирани активности од Акциски план на Стратегијата за РЈА (2018-2022) за 2018 година<br>- квалитативни и кавнтитативни извештаи за степенот на реализација на приоритетите во клучните области на РЈА: Развој на политики и координација; Јавна служба и управување со човечки ресурси; Одговорност, отчетност и транспарентност; Јавни услуги и ИКТ поддршка на администрацијата и Управување со јавните финансии<br>- донесен нов Закон за Регистар на население<br>- број на посебни закони усогласени со новиот закон за Регистар на население<br>- воспоставено ИТ решение за Единствен електронски регистар на население</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>Втора половина на 2018 година</td><td>Фискални импликации:<br>Буџет на РМ и ИПА</td><td>Главен носител/и:<br>МИОА</td></tr>
<tr><td colspan="3">Цел 2: Подобрување и олеснување на достапноста на јавните услуги</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 1: Воведување на концептот Една точка на услуга<br>Активност 2: Отворање на Сали за јавни услуги во повеќе градови во Република Македонија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатори:<br>- воведен концепт Една точка на услуга<br>- број на отворени сали</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>Крај на 2018 година</td><td>Фискални импликации:<br>Буџет на РМ и странска помош</td><td>Главен носител/и:<br>МИОА</td></tr>
</table>

**АНЕКС 3 - Заеднички тековни и планирани активности од страна на МВР и др. релевантни институции**

<table>
<tr><td colspan="3">Цел: Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 1: Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатори: Донесена нова Антикорупциска програма на МВР на РМ за 2017 година и Акциски план за нејзина имплементација.<br>- Реализација по Акцискиот план на Планот за откривање на корупцијата, незаконско и непрофесионално постапување на припадници на МВР;<br>- Подобрување на квалитетот во работењето;<br>- Намалување на бројот на кривични дела од областа на корупцијата;<br>- Почитување на човековите слободи и права;<br>- Транспарентност во работењето и приближување до граѓаните.</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>2017-2018</td><td>Фискални импликации:</td><td>Главен носител/и:<br>МВР</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешки: Антикорупциската програма за 2017 година ги детектира вредностите, политиките и процедурите кои ќе се применуваат за детектирање на корупцијата и навремено санкционирање. Посебно внимание ќе се посвети на јакнење на интегритетот на вработените во МВР особено преку обуки за подигнување на свеста и професионалност кај вработените и минимизирање на условите кои овозможуваат корупција.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 2: Унапредување на меѓународната полициска соработка</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатори:</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| -Измени на Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу РМ и Европол<br>-Приклучување на РМ и во други аналитички проекти во рамки на Работните досиеја за анализа на Европол<br>-Зголемување на корисниците на СИЕНА апликацијата во МВР<br>-Учество во ЕМПАКТ операции во 2017 и 2018 година. | | |
| **Временска рамка:**<br>Во континуитет | **Фискални импликации:**<br>Буџет на МВР | **Главен носител/и/ :**<br>МВР |
| **Забелешки:**<br>-Измени на Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу РМ и ЕВРОПОЛ<br>Новата регулатива на Европол, по формалното усвојување од страна на Европскиот парламент, стапи на сила од 01.05.2017 а со истата ќе се овозможи зајакнување на оперативните и стратешки капацитети на Европол за подршка на земјите членки на ЕУ во борбата против меѓ. организиран криминал и тероризам. Клучните промени предвидени со новата регулатива, кои ќе влијаат на соработката кон третите партнери за соработка ќе биде од посебен интерес на истражување на Одд. за Европол заради искористување на можностите кои ќе бидат понудени во соработката. Воедно, по иницијатива на Европол, со цел изменување и дополнување на Оперативниот договор, и тоа само во делот на проширување на мандатот на Европол со неколку нови кривични дела, ќе се започне со постапка на измени на Договорот. | | |
| **ПРИОРИТЕТИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА РЕФОРМИТЕ ВО ПОЛИЦИЈАТА** | | |
| **Цел:Заокружување на процесот на реформи на полицијата. Професионална полициска служба која ќе овозможи спроведување на владеење на правото и почитувањето на човековите слободи и права** | | |
| **Активност 1: Зајакнување на капацитетите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и проекција за зајакнување на институционалните капацитети** | | |
| **Индикатори:**<br>Во насока на обезбедување на професионална служба, во продолжение на проектот „**Поддршка за воспоставување на надворешен независен механизам за надзор на работата на полицијата**„ започнат е нов проект **“Зајакнување на човековите права во полициското работење во РМ ”** кој има цел:<br>- зајакне заштитата на човековите права во согласност со стандардите на Советот на Европа и меѓународните стандарди и воведување на ефикасен надзор над работа на полицијата и<br>- воспоставување на надворешен механизам за контрола со цел да се подобри превентивната заштита од несоодветно постапување, а истовремено да се зајакне внатрешниот механизам за контрола на работата на полицијата. | | |
| **Временска рамка:** 2018 | **Фискални импликации:** Буџет на МВР | **Главен носител/и:** МВР |
| **Активност 2: Превенција во работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и соработка со Народниот правобранител и невладиниот сектор** | | |
| **Индикатори:**<br>- Продолжување на соработката со Народниот правобранител и и унапредување на соработката со невладиниот сектор и реализација на заеднички обуки на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди<br>- Контроли во полициските станици<br>- Намалување на бројот на недозволени однесувања на припадници на МВР<br>- Зајакната доверба на граѓаните во полицијата | | |
| **Временска рамка:** 2017-2018 | **Фискални импликации:** Буџет на МВР | **Главен носител/и/ :** МВР |
| **Забелешки:** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди **продолжува со унапредување на соработката со ЈО согласно целите предвидени со антикорупциската програма на МВР за 2017 година** | | |
| **Активност 3: Заокружување на правичната застапеност на сите заедници во полицијата** | | |
| **Индикатори:**<br>- Воспоставена соодветна етничка застапеност во МВР;<br>- Воспоставена соодветна етничка застапеност во Секторите за внатрешни работи во подрачните единици. | | |
| **Временска рамка:** во континуитет | **Фискални импликации:** нема | **Главен носител/и:** МВР |
| **Забелешки:**<br>Во однос на процентуалната застапеност на припадниците на етничките групи во рамки на вкупниот број на вработени | | |

во МВР, заклучно со јули месец 2017 година, состојбата за правична застапеност на ниво на МВР е: Македонци 77.75%, Албанци 18.27, Срби 1.38%, Турци 0.84%, Роми 0.08, Власи 0.08% а останати 0.69%.

**БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ**

**Цел: Изградба на современ безбедносен систем на РМ. Дефинирање на системот за национална безбедност, меѓусебната координација и соработка, зајакнување на меѓ. соработка.**

**Активност 1: Изготвување на Национална Стратегија за превенција од насилен екстремизам и Национална Стратегија за борба против тероризам и Акциони планови за нивно спроведување**

**Индикатори:**
- Со Одлука на Владата на РМ бр. 44-4329/2 од 04.08.2017 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/17) е именуван Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, како и заменик Нац. координатор за спречување на насилен екстремизам и заменик Нац. координатор за борба против тероризам
- Со Одлука на Владата на РМ бр. 44-3954/1 од 25.07.2017 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/17) е формиран Нац. комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

| Временска рамка: | Фискални импликации: | Главен носител/и: |
|---|---|---|
| Во второто тромесечие согласно Планот за итни реформски приоритети 3-6-9 на Владата на РМ, односно до крај на декември 2017г. | Буџет на РМ | Нац. координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам |

**Забелешки:** Новите Национални Стратегии ќе придонесат кон континуирано унапредување на постоечките мерки, како и воспоставување на механизми и инструменти за превенција од насилен екстремизам и сузбивање на тероризмот. Акционите планови ќе овозможат операционализација на Националните Стратегии кои ќе се донесат

**Активност 2: Спроведување на континуирани активности за борба против тероризмот и орг.криминал и унапредување на соработката со безбедносно-разузнавачките служби и меѓ. организации**

**Индикатори:**
- Усвојување/ратификување на меѓ. документи, конвенции, склучување на билатерални договори
- Учество на обуки, курсеви, семинари на сите инволвирани во борбата против тероризмот и организираниот криминал, работни средби, конференции и размена на информации.

| Временска рамка: | Фискални импликации: | Главен носител/и: |
|---|---|---|
| Континуирано | Буџет на МВР | МВР-УБК |

**Забелешки:** МВР-УБК е активно вклучена во постапките и процедурите за склучување на меѓународните договори за соработка од областа на организираниот криминал и тероризам

**КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ**

**Цел: Доследно и целосно спроведување на заложбите на Владата на РМ да изврши превенција и контрола на целокупното количество оружје кое циркулира на територијата на РМ, во согласност со рег. и меѓ. иницијативи, стандарди и документи за контрола на оружјето, муницијата и експлозивните материи, а и заради почитување и остварување на програмите и целите за контрола на малото и лесно оружје на територијата на РМ**

**Активност 1:**
Со цел усогласување на домашното законодавство со законодавството на ЕУ од една страна, а од друга страна заради спречување и санкционирање на нелегалното поседување на оружје и намалување и прекинување на трансферот на недозволената трговија со мало и лесно оружје на целата територија на РМ како и создавање услови за следење на оружјето во тек се изменување и дополнување на Законот за оружјето во насока на имлементирање на документите на ЕУ кои се однесуваат на „re-export" повторен извоз; „transshipment" претовар; „post export control" после извозна контрола, како и на усогласување на постапката за трајно блокирање на оружјето.

| Временска рамка: | Фискални импликации: | Главен носител/и: |
|---|---|---|
| 2017-2018 | Од буџетот на Министерство за економија, МО, МВР и спонзорства и донации од меѓ. организации (UNDP, OSCE, SEESAC) | |

**Забелешки:** РМ како земја која се стреми да стане членка на ЕУ и НАТО е должна континуирано да ја следи законската регулатива која ја регулира проблематиката за оружјето и истата да ја усогласува со меѓ. регулатива на ЕУ и ООН, во таа насока во тек се измени и дополнувања на Законот за оружјето.

**Активност 2:** Воспоставување компјутеризиран систем за евидентирање на целокупното оружје кое се наоѓа на територијата на Република Македонија и подобрување на физичката безбедност на складиштата во Министерството за внатрешни работи каде се складира и чува службеното мало и лесно и оружје. Со канцеларијата на OBSE во Република

| | | |
|---|---|---|
| Македонија се планира да отпочне проект за подигнување на физичката безбедност. | | |
| **Индикатори:** Со Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето се создадоа услови за целосно имплементирање на одредбата од член 4 точка 4 од Директивата на Советот на ЕУ 2008/51 која е надополнување на Директивата 91/477 на ЕЕЗ за контрола на стекнувањето и поседувањето на оружјето, бидејќи со ова во Република Македонија се создадоа законски услови за да се воспостави компјутеризиран систем за регистрирање на податоците за оружјето на нејзината територија.<br>- Меѓународен стандард за контрола на мало оружје - ISACS (International Small Arms Control Standard 05.20:2012 (E) V 1.0 | | |
| **Временска рамка:**<br>2017-2018 | **Фискални импликации:**<br>Од буџетот Министерството за внатрешни работи и спонзорства и донации од меѓународни организации (UNDP, SEESAC, OSCE) | **Главен носител/и:** |
| **БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА ИМИГРАЦИЈА** | | |
| **Цел: Усогласување на националната со меѓународната законодавна рамка** | | |
| **Активност 1: Следење на меѓународните документи и унапредување на националното законодавство во насока на заштита на жртвите** | | |
| **Временска рамка:**<br>2017-2018 | **Фискални импликации** | **Главен носител/и:**<br>Национален Координатор, Министерство за труд и социјална политика, МВР |
| **Забелешки:** Активностите на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (НК) и нејзините тела во 2017 година продолжија со несмалена динамика. Нац. Комисија со цел успешно да се справи со трговијата со луѓе по четврти пат изготви нова **Национална стратегија и Акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција за период од 2017-2020 година, усвоена од страна на Владата на 22.03.2017 година**.<br>Како врвен приоритет на Нац. Комисија во однос на прашања кои се во насока на измена на КЗ во однос на преклопување на член 201 став 2 „Запуштање и малтретирање на дете“ со членот 418-г „Трговија со дете“, како и имплементација на Начелото на неказнување на жртви на трговија со луѓе, при што се покрена иницијатива за измена на КЗ, која се очекува да биде реализирана веднаш по отварање на КЗ за негово менување. Како следна интервенција која е планирана да се спроведе во КЗ е **Начелото на неказнување** кое е регулирано во член 26 од Конвенцијата на Совет на Европа за акција против трговијата со луѓе која е ратификувана од РМ, досега се превземени активности при што од страна на ОБСЕ беше изготвена е една сеопфатна Анализата за примена на начелото за неказнување како и со помош на проф. д-р Владо Камбовски беше драфтирана измена со што даден е предлог за измена на КЗ при што направена е интервенција во самиот член 418-а во ставот 5 и 6. Во консултација со експертот кој ќе биде ангажиран од страна на ИОМ ќе се направи дополнитепна консултација по што откога ќе се инкорпорира начелото за неказнување, потребно ќе биде да се донесат и упатства за примена на овој член кои ќе се однесуваат на Судии, Јавни обвинители и полициски службеници.<br>Здружението на граѓани против насислтво и трговија со луѓе „Отворена порта- Ла страда“, објави анализата „Обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет во Македонија - Колку ќе чини формирањето на државниот фонд?“ Анализата дава осврт на значењето на финансиската одржливост во работењето на Државниот фонд за обесштетување на жртвите од насилен криминал и постоечки модели на финансирање на вакви фондови во други земји од светот. Дополнително објави и „Извештај од следење на судските постапки за трговија со луѓе во Р Македонија – Положбата на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки“. Согласно Годишниот оперативен план, Националната Комисија предвидува **формирање на Работна група со цел дефинирање на соодветен модел за воспоставување на фонд за компензација на жртви** кои ќе го остваруваат правото на надомест на нематеријална штета. | | |
| **Активност 2: Зголемена идентификацијата на потенцијални жртви и ризични групи на централно и локално ниво** | | |
| **Индикатори:**<br>- Механизми за подобра идентификација на жртви на трговија со луѓе<br>- Активности на/со локалните комисии за борба против трговија со луѓе<br>- Број на лица/ризични групи кои добиле помош и поддршка | | |
| **Временска рамка :**<br>2017-2018 | **Фискални импликации:**<br>МТСП, Нац. Координатор, Здруженија | **Главен носител/и:**<br>МТСП, Нац. Координатор |
| **Забелешки:** Во нардниот период ќе се спроведуваат активности со цел подобрување на идентификацијата, формирање | | |

на Нац. РГ-Task Force за работа на случаи на трговија со луѓе и илегална миграција кои ќе бидат спроведени со поддршка на Канцеларијата на **ИОМ.** Обврската за формирање на **Task Force** произлегува од актуелната Стратегија и Акциски план на РМ како и Реформскиот план на Владата „Планот 3-6-9", кој е доказ повеќе за нашата посветеност во борбата против овој вид на транснационален организиран криминал. 13-14 септември беше организирана работилница на која беа поканети се колеги, претставници од Србија и Грција кои ги пренесоа своите позитивни искуства и насоки во однос на работата на Националите Task Force. Целта на работилницата беше и да се изнајде правно решение за воспоставување на РГ.
Воедно, Националната комисија се стреми кон исполнување на препораките од Глобалниот извештај за борба против трговија со луѓе на Стејт Департментот на САД со што отпочната е постапка за воспоставување на **Мобилни тимови** за идентификација и упатување на ЖТЛ, составени од претставник од надлежните институции (од МТСП, МВР и НВОи). Веќе беше организиран еден работен состанок (на кој голем дел од вас присуствуваа) на кој се разговараше за деталите во врска со начинот на работа на мобилните тимови, искуствата од другите земји, потребата од формално-правното етаблирање, составот на тимовите, нивната одржливост, финансиската и материјално-техничката опременост итн, а се со цел истите да прераснат во постојана и ефикасна алатка за превенција и борба против трговијата со луѓе. Во наредниот период нашите активности ќе бидат насочени кон спроведување на оваа препорака.
Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во соработка со УНХЦР, по усвојувањето на Националната Стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2017-2020 од страна на Владата на РМ на ден 22.03.2017 година, Националната Комисија спроведе „Работилница за преставниците на Локалните комисии за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со цел изработка на Локални акциски планови за борба против трговија со луѓе и илегална миграција" 28-30 март х.Континентал Скопје. Локалните комисии за борба против трговија со луѓе и илегална миграција од општините Битола, Штип, Прилеп, Гевгелија и Велес изработија Локални акциски планови за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017- 2020, како и Годишен оперативен план за работа за 2017 година.

**Активност 3: Подобрување на процесот на идентификација и упатување на жртви на трговија со луѓе**

**Индикатори:**

- Организирање на специјализирани обуки за подобрување на идентификацијата и упатувањето на жртвите на трговија со луѓе наменети за лица кои се вклучени во спроведување на СОП за постапување со жртвите на трговија со луѓе
- Дистрибуција на идентификаторите за идентификазија на жртви на трговија со луѓе
- Број на спроведени обуки и дистрибуција на идентификатори

| **Временска рамка:** | **Фискални импликации:** | **Главен носител/и:** |
|---|---|---|
| 2017-2018 | Национална Комисија (МТСП, МВР) | МВР и МТСП |

**Забелешки:**
Во текот на 2016-2017 година Нац. комисија за борба против трговија со луѓе донесе План за меѓуинституционалните обуки. Во рамки на Планот за обуки за 2016-2017 година со цел јакнење на капацитетите на релевантните актери реализирани се:
- Обуки за примена на **Индикаторите за првична/прелиминарна идентификација на претпоставени и потенцијални жртви на трговија со луѓе во контекст на мешани миграциски движења, родова еднаквост и борба против трговија со луѓе во време на миграциски криза,** каде беа спроведени четири (4) еднодневни обуки на кои учество земаа 160 лица.
**- Обука за Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца-странци и Стандардни оперативни процедури за постапување со ранливи категории лица-странци.** Обуките се спроведени со финансиска поддршка на УНХЦР, во период од октомври до декември каде беа спроведени шест (6) дводневни обуки на кои учество земаа 150 лица.
- Во октомври 2017 планирано е во соработка со Канц. на Совет на Европа во Скопје, МТСП и МВР да се спроведат обуки за обучувачи на трудовите инспектори, како и мултидисциплинарни обуки на трудови инспектори, социјални работници и полициски службеници. Ќе се спроведат и рег. обуки за развој на капацитетите на трудовите инспектори од ДИТ за причините и појавните облици на трудовата експлоатација и обука на трудови инспектори од ДИТ за ТЛ со цел трудова експлоатација и примена на индикаторите за идентификација на ЖТЛ и СОП за постапување со жртвите на трговија со луѓе.

| **Временска рамка:** | **Фискални импликации:** | **Главен носител/и:** |
|---|---|---|
| 207-2018 | МВР; МТСП, Министерство за здравство, Министерство за транспорт и врски, | МВР |

**АНЕКС 4**

Статус на реализација на клучните мерки во медиумите:

- Владата на седницата одржана на 05.09.2017 година донесе заклучок со кој се усвои следната изјава: Владата на Република Македонија и нејзините институции изразуваат силна политичка волја и поддршка за континуирана примена на Етичкиот кодекс за известување на медиумите и силно поттикнување на примената и почитување на системот за саморегулација на медиумите.
- Владата на седницата одржана на 22.08.2017 година донесе заклучок според кој се должни сите органи на државната управа, укажувајќи на институциите кои немаат статус на органите на државната управа и им се препорачува на локалната самоуправа, односно рекламни кампањи / видеа за платен медиумски простор во електронските комерцијални радиодифузери - телевизии и радио, дневни и неделни весници, билборди, интернет портали, со исклучок на социјалните медиуми.
- На 24.09.2017 година, портпарол на Владата одржа прес-конференција со која ги објави трошоците за рекламирање на Владата за периодот 2008-2015 година. Во врска со распределбата на парите, како што беше објаснето на прес-конференцијата, критериумите за пренос на пари за закуп на рекламен простор на комерцијалните национални концесионери се нејасни, иако табеларната презентација презентирана на прес конференцијата укажува на тоа дека рејтингот не игра секоја улога и критериумите едноставно не постоеле. Покрај тоа, на прес-конференцијата на 16.09. 2017 година, како дел од анализата на трошоците за привлекување на странски директни инвестиции во последните 10 години, беа прикажани трошоците на македонските медиуми.
- Првата јавна расправа за реформите во медиумите се одржа на 14 јули 2017 година, со учество на министерот за информатичко општество и администрација и министерот без ресор задолжен за комуникација, отчетност и транспарентност. На 23.06.2017 година, министерот без портфолио учествуваше на конференција посветена на реформите во медиумскиот сектор организирани од МИМ со поддршка од ЕУ. Беа одржани и неколку состаноци со претставници од Делегацијата на ЕУ на оваа тема. Министрите, исто така, одржаа неколку индивидуални состаноци со претставници на медиумите и медиумските здруженија, како и претставници на меѓународната заедница.
- Новиот Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни услуги беше поставен меѓу првите реформски закони што треба да ги усвои новата Влада во итни реформски процеси. Предлог-законот се подготвува на инклузивен начин со јавни дебати и консултации со релевантните засегнати страни. Главната цел е да се стави крај на институционалните или личните влијанија и притисоци врз медиумите, вклучувајќи го и прашањето за финансиската зависност;
- Предлог-текстот е во втората фаза од владината процедура. 30 ноември е поставен како краен рок за доставување на нови коментари и мислења од страна на јавните радиодифузери, здруженија на новинари, невладини организации итн. Исто така, нацртот на текстот е достапен и за широката јавност. По истекот на рокот, се предвидува нов круг на јавна дебата со релевантните актери од медиумската сфера. Доколку се добијат нови предлози во текот на овој процес, нудејќи поквалитетни решенија, ќе бидат повторно поднесени за експертиза до Европската комисија и до ОБСЕ РФМ, пред да биде прифатена од Владата за доставување до Собранието.
- Претходно, Собранието на Република Македонија (на 12-тата седница, одржана на 19 септември 2017 година) ги усвои амандманите на сегашната и се уште во сила верзија на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во скратена постапка, со што се елиминира обврската од граѓаните и компаниите да платат радиодифузна такса. МРТ ќе биде финансиски поддржан од државниот буџет со годишна распределба од 0,5% од буџетот (Покрај тоа, новиот предлог за буџетот 2018 предвидува годишна алокација од 0,7% од вкупниот буџет за работата и работењето на МРТ во со цел да се обезбеди стабилно финансирање и финансиска независност на јавниот радиодифузен сервис).

- Врз основа на Извештајот подготвен од Министерството за внатрешни работи за периодот од 2013 до јуни 2017 година, за регистрирани случаи на физички и вербални напади и притисоци врз новинари, биле поднесени 44 извештаи за физички напади врз новинари од граѓани или медиуми, загрозување на безбедноста во форма на закани од секаков вид или говор на омраза. Најголем дел од извештаите се од областа на Скопје - 28, потоа Охрид - 14 и два извештаи во областа на Струмица.
- На 17.08.2017 година, во Владата беше одржан првиот брифинг за новинари и уредници, на кој беа презентирани идеите за работата на Секторот за комуникации, која ќе работи како сервис за граѓаните и медиумите. Владината агенда, нејзините заклучоци и објави се јавно и транспарентно објавени на веб-страницата. По секоја седница на Владата се одржуваат брифинзи со цел веднаш да се информира јавноста за работата на Владата.

**АНЕКС 5 Нормативни и институционални мерки за борба против организираниот криминал и корупцијата**

**Цел: Унапредување на законската рамка за превенција и борба против корупцијата**

**Активност 1:** Унапредување на законската рамка за заштита на укажувачите

**Индикатори:**
- Усвоен Закон за измени и дополнувања на Законот за укажувачи

| Временска рамка: | Фискални импликации: | Главен носител/и: |
|---|---|---|
| 2017-2018 | Буџет на РМ | Министерство за правда |

**Забелешки:**
Во ноември 2015 година донесен е Законот за заштита на укажувачите (Службен весник на РМ број 196/2015) а неговата примена започна од март 2016 година.
Со цел за усогласување со препораките на Венецијанската комисија и Европската комисија ќе се изготви и усвои Закон за измена и дополнување на Законот за заштита на укажувачи. За оваа цел формирана е работна група која работи во оваа насока при што предвидено е законските измени да бидат изготвени до крајот на септември 2017 година.

**Цел: Имплементација и унапредување на националните стратешки документи за борба против корупцијата**

**Активност 1:** Континуирано следење на спроведувањето на активностите од Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019 (Државна програма 2016-2019)

**Индикатори:**
- број на имплементирани активности
- објавен годишен извештај за степенот на имплементација на активности од Државната програма

| Временска рамка: | Фискални импликации: | Главен носител/и: |
|---|---|---|
| 2017-2018- континуирано | Буџет на РМ / донации | ДКСК; институции од централно и локално ниво, НВО, приватен сектор |

**Забелешки:**
Во концептот на Државната програма 2016-2019 е применет интегриран пристап насочен кон пет стратегиски цели што се однесуваат на:

- Јакнење на институционалниот систем и легислативата за превенција на корупцијата и судирот на интереси,
- Јакнење на репресијата против корупцијата,
- Јакнење на капацитетите и независноста на институциите за спроведување на законите,
- Зголемена вклученост на јавноста за борба против корупцијата и судирот на интереси,
- Ефикасна координација на антикорупциските активности, следење и евалуација на остварувањето.

За остварување на овие цели, утврдени се 74 активности. Процесот на собирање податоци за реализацијата на активностите се спроведува преку веб апликацијата на која номинираните лица од надлежните институции на годишно ниво известуваат за статусот на реализација, по што ДКСК врши обработка и анализа и изготвува годишен извештај.
Особено значајна активност што беше реализирана во текот на првата година на имплементација на Државна програма е воспоставувањето на Регистарот на избрани и именувани лица.

**Цел: Подобрување на меѓуресорската соработка меѓу институциите кои имаат надлежност во борбата против корупцијата**

**Активност 1:** Воспоставување на методологија за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика

**Индикатори:**
-Воспоставување на веб-апликација во надлежните институции,
- Број на спроведени обуки,
- Анализа на функционалностите и потребите за надградба на веб-апликацијата.

<table>
<tr><td>Временска рамка:<br>2017-2018</td><td>Фискални импликации:</td><td>Главен носител/и:<br>Министерство за правда</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешки:<br>Единствената методологија подразбира релевантен статистички систем за следење на случаите на корупција - нивното движење и процесуирање низ институциите на системот од нивна детекција до финално разрешување, како и мониторинг на спроведувањето на антикорупциската политика - стратегии, проекти, реформски зафати и слично, како и централизирање на податоците на национално ниво.<br>Развиена е веб апликацијата за воспоставување на Методологијата за статистички систем за мониторинг на анти-корупциската политика. Истата е презентирана на Работилница одржана на 24 и 25 август 2017 година. Се планира одржување на обуки на институциите кои ќе го користат овој електронски систем и други активности во насока на целосна функционалност на системот.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Цел:Јакнење на свеста за борба против корупцијата и судирот на интереси</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност :Воспоставување на платформа за е-учење за спречување на корупцијата, судирот на интереси и за интегритет</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатори:<br>- изработка на содржината на е-учењето,<br>- електронско креирање на платформата за е-учење<br>- поставување на платформата за е-учење на WEB страницата на ДКСК.</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>2017-2018</td><td>Фискални импликации:<br>Буџет на РМ и донации</td><td>Главен носител / и:<br>ДКСК</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешки:<br>Согледувајќи ја потребата од континуиран пристап во спроведувањето на обуки за спречување на корупцијата, судирот на интереси и за интегритет, ДКСК во текот на 2016 година започна процес на изготвување на платформа за е-учење на овие теми. Во првата фаза ќе биде воспоставен модул наменет за јавната администрација. По финализирање на содржината и електронското креирање на платформата за е-учење истата ќе биде поставена на WEB страницата  на  ДКСК.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Цел: Учество во меѓународни активности и реализација на препораки од меѓународни организации кои работат во областа на борба против корупцијата</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 1: Активности во рамките на Групата на држави против корупција – ГРЕКО – реализација на перпораки</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатори:<br>- Реализација на преостанатите препораки од Четвртиот круг на евалуација на ГРЕКО (на тема: “Превенција на корупцијата кај членовите на Собранијата, судиите и јавните обвинители“),<br>- Доставен втор ситуациски извештајдо ГРЕКО за Четвртиот круг на евалуација – Јануари 2018 година,<br>- Доставување одговор на Прашалникот на ГРЕКО за Петтиот круг на евалуација (на тема: “Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот“)  – 30 март 2018 година.</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>2017-2018</td><td>Фискални импликации:<br>Буџет на РМ</td><td>Главен носител/и:<br>Министерство за правда</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешки:<br>Република Македонија е членка на ГРЕКО од 2000 година. До сега успешно ги помина првите три кругови на евалуација, во тек е четвртиот круг на евалуација а во почетна фаза е и петтиот круг на евалуација.</td></tr>
</table>

**АНЕКС 6 УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ**

**Цел: Зајакнување на капацитетите на Центарот, за обезбедување целосна поддршка на Владините тела и субјектите во Системот за управување со кризи**

**Активност: 1 Имплементација на европскиот број за итни повици Е-112**

**Индикатори:**

- Ревидирана постојната физибилити студија
- Дефинирање на претстојните активности во процесот на имплементација на Е 112

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 2017 - 2018 година | **Фискални импликации:** Финансирање од ИПА фондови | **Главен носител/и:** ЦУК |

**Забелешки:** Имплементацијата на единствениот европски број Е112 кој ќе се реализира преку проектот од предпристапната помош ИПА 2- Миграции и азил, гранично управување и борба против тероризам и организиран криминал ( ИПА 2016/039-618/02.02/МК/Migration and asylum, border managementand fight against terrorism and organized crime)

**Активност 2: Имплементација на NICS проектот „ Напредна регионална координација при цивилни итни состојби“**

**Индикатори:**

- Учество на НАТО вежбата во Босна и Херцеговина и демонстрација на можностите на **Next-Generation Incident Command System (**NICS 2017)
- Детектирање на институциите во РМ кои ќе ќе бидат дел од овој систем
- Обука за обучувачите за ракување со оперативниот систем на NICS
- Обуки на учесниците од институциите кои се одредени за учесници
- Одредување на пилот општини за:а) Одредување на институции на локално ниво б) обука на учесниците од локално ниво

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 01.12.2016 – 01.12.2020 г. | **Фискални импликации:** Буџет определен за ЦУК: 780.000,00 евра | **Главен носител/и:** ЦУК |

**Забелешки:** Проектот е во рамките на НАТО програмата – Наука за мир и безбедност (SPS). Учесници во проектот се: Линколн лабораторија при Институтот за технологија во Масачусетс, САД; Министерство за безбедност, Босна и Херцеговина; Државна управа за заштита и спасување, Р. Хрватка; Министерство за внатрешни работи, Црна Гора

**Активност 3: Имплементација на проектот за Градење на капацитети за намалување на ризици од катастрофи во областа на животната средина ( ECO DRR) преку одржливо управување со шумите**

**Индикатори:**

- Детална анализа и верификација на предложените проектни активности
- Започнување со имплементација на проектот кон крајот на 2017 година
- Спроведување на конкретни мерки за зајакнување на екосистемот на повеќе локации на РМ за зголемување на нивната отпорност на ризиците од катастрофи поврзани со поројни поплави, лизгање на земјиште, ерозија на почви и пожари на отворен простор

| **Временска рамка:** | **Фискални импликации:** | **Главен носител/и:** |
|---|---|---|
| 2017 – 2021 | Финансирано од **Japan International Cooperation Agency** (JICA) | ЦУК во меѓусекторска соработка со : Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; ЈП Македонски шуми; Министерство за животна средина и просторно планирање; Високо-научни и образовни институции; Единици на локална самоуправа |

**Забелешки:** Во август 2017г се потпиша заеднички документ помеѓу ЦУК и Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA) кој претставува основ за имплементација на Проектот за Градење на капацитети за намалување на ризици од катастрофи во областа на животната средина (ECO DRR) преку одржливо управување со шумите. Основната цел на проектот е да се развие модел на Екосистемски-базирано намалување на ризиците од катастрофи идолгорочно намалување на ризиците од поројни поплави, лизгање на земјиштето, ерозија на почвата и шумските пожари.

**АНЕКС 7**

| Надградба и имплементација на сајбер-одбраната и безбедноста на информациите | | |
|---|---|---|
| | - Воспоставување на работен тим за дефинирање и спроведување на сајбер-одбраната и безбедноста на информациите и развој на програми и процедури за сајбер-одбраната и безбедноста на информациите;<br>- донесува нов Правилник за безбедноста на информациите и утврдува насоки за соработка со други државни органи и надлежни институции поврзани со оваа област; и<br>- Имплементација и надградба на сајбер-одбраната и безбедноста на информациите до крајот на 2019 година | |
| | **Временска рамка:** 2017- 2019 | **Носител: МО, АРМ, МВР MoI, МИОА** |
| | **Забелешки:**<br>Надградбата на сајбер-одбраната и безбедноста на информациите опфаќа размена на информации помеѓу различни домени (SGS), воведување заштита на ниво на објект, развој на способности за управување со безбедноста на информациите и развој на капацитети за одговор за компјутерски инциденти. | |

## АНЕКС 8 Макроекономски индикатори

| Основни макроекономски индикатори | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реален сектор | | | | | | | | | | | | | | |
| *Бруто-домашен производ* | | | | | | | | | | | | | | |
| реална стапка на раст (во %) | 4.7 | 5.1 | 6.5 | 5.5 | -0.4 | 3.4 | 2.3 | -0.5 | 2.9 | 3.6 | 3.9 | 2.9 | 1.6 | 3.2 |
| во милиони денари* | 308,432 | 334,840 | 372,889 | 414,890 | 414,622 | 437,296 | 464,187 | 466,703 | 501,891 | 527,631 | 558,954 | 598,881 | 630,859 | 664,068 |
| во милиони долари* | 6,257 | 6,864 | 8,339 | 9,910 | 9,407 | 9,413 | 10,495 | 9,744 | 10,818 | 11,362 | 10,072 | 10,755 | 11,575 | |
| во милиони евра* | 5,032 | 5,472 | 6,095 | 6,772 | 6,767 | 7,109 | 7,544 | 7,585 | 8,150 | 8,562 | 9,072 | 9,723 | 10,241 | 10,780 |
| *Бруто-домашен производ по жител* | | | | | | | | | | | | | | |
| во денари* | 151,426 | 164,119 | 182,471 | 202,692 | 202,188 | 212,795 | 225,493 | 226,440 | 243,160 | 255,206 | 269,997 | 289,021 | | |
| во евра* | 2,470 | 2,682 | 2,982 | 3,308 | 3,300 | 3,459 | 3,665 | 3,680 | 3,948 | 4,141 | 4,382 | 4,691 | | |
| според Паритет на куповна моќ | 6,614 | 7,153 | 7,933 | 8,465 | 8,541 | 8,940 | 8,815 | 9,000 | 9,300 | 10,000 | 10,500 | | | |
| Бруто инвестиции (во % од БДП) | 19.8 | 21.4 | 23.7 | 27.9 | 25.7 | 24.5 | 26.9 | 28.9 | 28.8 | 30.3 | 30.4 | 32.6 | | |
| Индустрија, реална стапка на раст (во %) | 13.1 | 2.7 | -10.9 | -1.2 | 1.8 | 6.6 | 10.2 | -6.7 | 3.7 | 11.5 | 6.9 | -1.3 | | |
| Инфлација (просек, во %) | 0.5 | 3.2 | 2.3 | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 3.9 | 3.3 | 2.8 | -0.3 | -0.3 | -0.2 | 1.4 | 1.7 |
| БДП дефлатор (во %) | 4.9 | 3.3 | 4.6 | 5.5 | 0.3 | 2.0 | 3.7 | 1.0 | 4.5 | 1.4 | 2.0 | 4.1 | 3.6 | 2.0 |
| Надворешен сектор | | | | | | | | | | | | | | |
| *- во милиони евра -* | | | | | | | | | | | | | | |
| Извоз на стоки - f.o.b. | 1,644 | 1,918 | 2,477 | 2,698 | 1,937 | 2,535 | 3,215 | 3,124 | 3,235 | 3,747 | 4,088 | 4,329 | 4,854 | 5,285 |
| Увоз на стоки - c.i.f. | 2,605 | 2,980 | 3,834 | 4,664 | 3,637 | 4,137 | 5,053 | 5,071 | 4,983 | 5,505 | 5,801 | 6,107 | 6,578 | 7,064 |
| Лон увоз | 371 | 372 | 441 | 508 | 391 | 468 | 552 | 551 | 550 | 652 | 730 | 682 | 789 | |
| Увоз без лон | 2,235 | 2,608 | 3,392 | 4,156 | 3,246 | 3,669 | 4,501 | 4,520 | 4,434 | 4,852 | 5,072 | 5,424 | 5,789 | |
| Трговско салдо | -961 | -1,062 | -1,356 | -1,967 | -1,700 | -1,602 | -1,838 | -1,947 | -1,748 | -1,758 | -1,714 | -1,777 | -1,725 | -1,778 |
| Дефицит на тековната сметка | -122 | -23 | -421 | -862 | -457 | -144 | -189 | -240 | -134 | -43 | -187 | -303 | -270 | -240 |
| Странски директни инвестиции | 77 | 345 | 506 | 400 | 145 | 160 | 344 | 111 | 252 | 205 | 217 | 358 | | |
| Девизни резерви | 1,123 | 1,417 | 1,524 | 1,495 | 1,598 | 1,715 | 2,069 | 2,193 | 1,993 | 2,436 | 2,262 | 2,613 | | |
| *- во % од БДП -* | | | | | | | | | | | | | | |
| Трговско салдо | -19.1 | -19.4 | -22.3 | -29.0 | -25.1 | -22.5 | -24.4 | -25.7 | -21.4 | -20.5 | -18.9 | -18.3 | -16.8 | -16.5 |
| Дефицит на тековната сметка | -2.4 | -0.4 | -6.9 | -12.7 | -6.8 | -2.0 | -2.5 | -3.2 | -1.6 | -0.5 | -2.1 | -3.1 | -2.6 | -2.2 |
| Странски директни инвестиции | 1.5 | 6.3 | 8.3 | 5.9 | 2.1 | 2.3 | 4.6 | 1.5 | 3.1 | 2.4 | 2.4 | 3.7 | | |
| *- номинален раст -* | | | | | | | | | | | | | | |
| Раст на извозот на стоки - | 22.2 | 16.6 | 29.2 | 8.9 | - | 30.9 | 26.8 | -2.8 | 3.6 | 15.8 | 9.1 | 5.9 | 12.1 | 8.9 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| f.o.b. (во %) | | | | | 28.2 | | | | | | | | | |
| Раст на увозот на стоки - c.i.f. (во %) | 10.7 | 14.4 | 28.7 | 21.7 | -22.0 | 13.8 | 22.1 | 0.3 | -1.7 | 10.5 | 5.4 | 5.3 | 7.7 | 7.4 |
| Девизен курс денар/евро | 61.2958 | 61.1885 | 61.1838 | 61.2654 | 61.2728 | 61.5150 | 61.5289 | 61.5304 | 61.5835 | 61.6235 | 61.6098 | 61.5950 | 61.6 | 61.6 |
| Девизен курс денар/долар | 49.2919 | 48.7854 | 44.7184 | 41.8646 | 44.0766 | 46.4574 | 44.2281 | 47.8981 | 46.3949 | 46.4371 | 55.4968 | 55.6860 | 54.5 | |
| Фискален сектор (Буџет на РМ) | | | | | | | | | | | | | | |
| *- во милиони денари -* | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупни приходи | 100,877 | 104,044 | 119,608 | 136,411 | 128,498 | 132,149 | 137,166 | 138,115 | 140,248 | 145,929 | 161,207 | 169,336 | 184,745 | 193,512 |
| Вкупни расходи | 100,219 | 105,744 | 117,455 | 140,222 | 139,393 | 142,691 | 148,649 | 155,840 | 159,505 | 168,063 | 180,632 | 185,406 | 203,312 | 211,745 |
| Суфицит / Дефицит | 658 | -1,700 | 2,153 | -3,811 | -10,895 | -10,542 | -11,483 | -17,725 | -19,257 | -22,134 | -19,425 | -16,070 | -18,567 | -18,233 |
| *- во милиони евра -* | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупни приходи | 1,646 | 1,700 | 1,955 | 2,227 | 2,097 | 2,148 | 2,229 | 2,245 | 2,277 | 2,368 | 2,617 | 2,749 | 2,999 | 3,141 |
| Вкупни расходи | 1,635 | 1,728 | 1,920 | 2,289 | 2,275 | 2,320 | 2,416 | 2,533 | 2,590 | 2,727 | 2,932 | 3,010 | 3,301 | 3,437 |
| Суфицит / Дефицит | 11 | -28 | 35 | -62 | -178 | -171 | -187 | -288 | -313 | -359 | -315 | -261 | -301 | -296 |
| *- во % од БДП -* | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупни приходи | 32.7 | 31.1 | 32.1 | 32.9 | 31.0 | 30.2 | 29.5 | 29.6 | 27.9 | 27.7 | 28.8 | 28.3 | 29.3 | 29.1 |
| Вкупни расходи | 32.5 | 31.6 | 31.5 | 33.8 | 33.6 | 32.6 | 32.0 | 33.4 | 31.8 | 31.9 | 32.3 | 31.0 | 32.2 | 31.9 |
| Суфицит / Дефицит | 0.2 | -0.5 | 0.6 | -0.9 | -2.6 | -2.4 | -2.5 | -3.8 | -3.8 | -4.2 | -3.5 | -2.7 | -2.9 | -2.7 |
| Социјален сектор | | | | | | | | | | | | | | |
| Нето плата | | | | | | | | | | | | | | |
| номинален пораст (просек, во %) | 2.5 | 7.3 | 7.9 | 10.4 | 24.0 | 3.0 | 1.4 | 0.3 | 1.2 | 1.2 | 2.4 | 2.0 | 2.5 | 4.0 |
| реален пораст (просек, во %) | 2.0 | 4.1 | 5.6 | 1.9 | 25.0 | 1.4 | -2.4 | -2.9 | -1.6 | 1.5 | 2.7 | 2.2 | 1.1 | 2.3 |
| Бруто плата | | | | | | | | | | | | | | |
| номинален пораст (просек, во %) | 2.7 | 8.0 | 4.8 | 8.7 | 14.1 | 1.0 | 1.2 | 0.2 | 1.2 | 1.0 | 2.7 | 2.0 | 2.5 | 4.0 |
| реален пораст (просек, во %) | 2.2 | 4.8 | 2.5 | 0.4 | 15.0 | -0.6 | -2.6 | -3.0 | -1.6 | 1.3 | 3.0 | 2.2 | 1.1 | 2.3 |
| Стапка на невработеност (просек, во %) | 37.3 | 36.0 | 34.9 | 33.8 | 32.2 | 32.0 | 31.4 | 31.0 | 29.0 | 28.0 | 26.1 | 23.7 | 22.4 | 21.5 |
| Стапка на вработеност (просек, во %) | 33.9 | 35.2 | 36.2 | 37.3 | 38.4 | 38.7 | 38.9 | 39.0 | 40.6 | 41.2 | 42.1 | 43.1 | 44.1 | 44.9 |

Податоците за Бруто-домашниот производ заклучно со 2016 година се официјални податоци на Државниот завод за статистика; Податоците во обоеното подрачје се проекции на Министерството за финансии.

* Податоците се во номинални вредности.

## АНЕКС 9 - Тековни и планирани активности од МО, АРМ, Воената Академија и други институции

| | | |
|---|---|---|
| **Одбранбена политика** | | |
| **Општа цел 1: Креирање и насочување на одбранбената политика** | | |
| 1. | **Спроведување:**<br>- Придонес во јакнењето на безбедноста и мирот во Евроатлантската област преку континуирано учество во меѓународните операции предводени од НАТО, ЕУ и ООН;<br>- Унапредување на односите и соработката со НАТО;<br>- Унапредување на одбранбената соработка со соседните држави; и<br>- Проширувањето и продлабочувањето на регионалната одбранбена соработка. | |
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** МО и АРМ |
| 2. | **Цел: Придонес во јакнењето на безбедноста и мирот во Евроатлантската област преку континуирано учество во меѓународните операции предводени од НАТО, од ЕУ и од ООН** | |
| | **Спроведување:**<br>- Учество во НАТО мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан со 39 лица воен персонал (2017 година) и 47 лица лица воен персонал (2018 година);<br>- Учество во ЕУ операцијата „ALTHEA“ во Босна и Херцеговина со 3 лица (две лица штабен персонал и едно лице доктор, во австрискиот тим за Role 1);<br>- Учество во мисијата на ООН „UNIFIL“ во Либан со 1 лице (штабен офицер) персонал (2017 година) и 3 лица персонал (2018 година); и<br>- Поддршка на силите на КФОР преку Координативниот центар на Република Македонија за поддршка на силите на КФОР во Косово. | |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 | **Носител:** МО и АРМ |
| | **Забелешки:**<br>- Владата на РМ донесе одлука за зголемен придонес во мисијата на НАТО во Авганистан за 20%, односно дополнителни 8 лица, почнувајќи од 2018 година. Во тек се консултации со партнерските земји за позициите на истите;<br>- Во тек се консултации со Р. Италија за зголемување на придонесот во мисијата „UNIFIL“ со две лица; и<br>- Во текот на 2017 година во Координативниот центар за поддршка на силите на КФОР во Косово ангажирани се 5 лица. Истиот број на персонал се планира да биде ангажиран и во 2018 година (со можност за зголемување до 13 лица). | |
| 3. | **Цел: Унапредување на односите и соработката со НАТО** | |
| | **Спроведување:**<br>- Унапредување на соработката со работните тела во НАТО;<br>- Штабни разговори и експертски разговори со НАТО;<br>- Годишен состанок со Воениот комитет на НАТО во формат 29+1;<br>- Имплементација на обврките од членството во PARP процесот и реализација на ИПП;<br>- Зголемен придонес во НАТО меѓународните операции;<br>- Учеството на АРМ на вежбовни активности во програмата Партнерство за мир;<br>- Иден придонес на АРМ со штабни офицери во командите на НАТО; и<br>- Зголемување на одбранбено-дипломатскиот персонал и штабни офиц. во НАТО и SHAPE (2018). | |
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** МО и АРМ |
| 4. | **Цел: Унапредување на одбранбената соработка со соседните држави** | |
| | **Спроведување:**<br>- Имплементација на активностите од бил. планови за соработка и издигнување на одб. соработка со соседите на ниво на билатерални одбранбени консултации; и<br>- Иницирање на заеднички проекти во рамките на регионалните иницијативи. | |
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** МО и АРМ |
| 5. | **Цел: Проширување и продлабочување на регионалната одбранбена соработка** | |
| | **Спроведување:**<br>- Унапредување на регионалната одбранбена соработка;<br>- Унапредување на постоечките и иницирање на нови регионални проекти за поголема регионална безбедност и соработка; и<br>- Иницирање на проекти во духот на НАТО иницијативата“Smart defence”. | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** МО |
| **II.2. Реформи во МО и трансформација на Армијата на РМ** | | |
| **Општа цел 1: Изработка на Стратегиски одбранбени документи** | | |
| 1. | **Спроведување:**<br>- Изработка на Стратегискиот одбранбен преглед 2018; (јули 2018);<br>- Изработка на Стратегијата за одбрана; и<br>- Изработка на Долгорочен план за развој на одбраната 2019-2028 (крај на 2018). | |
| | **Временска рамка:** 2017-2019 | **Носител:** МО, АРМ и други државни институции. |
| | **Забелешки:**<br>- СОП е еден од клучните одбранбени документи на државата кој овозможува градење на консензус на државните институции и политички фактори за целите на одбранбената политика;<br>- СОП 2018 и Стратегија за одбрана ќе претставуваат основа за ревидирање на Долгорочниот план за развој на одбраната 2019-2028 и Планот за опремување и модернизација; и<br>- Во процесот на изработка на новите стратешки документи континуирано ќе се вршат консултации со НАТО, САД, ОК и други земји со кои имаме воспоставено соработка на ова поле. | |
| **Цел: Изработка на Стратегискиот одбранбен преглед 2018** | | |
| 2. | **Спроведување:**<br>- Подготовка на политичка рамка;<br>- Анализа и разработка на состојбите и безбедносните предизвици;<br>- Утврдување на нова реална потребна структура на Армијата и Министерството за одбрана;<br>- Утврдување на сили и проценка на потребни способности и капацитети; и<br>- Утврдување на методологија за имплементација. | |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 | **Носител:** МО, АРМ и други државни институции. |
| **Цел: Изработка на Стратегија за одбрана** | | |
| 3. | **Спроведување:**<br>- Подготовка на нацрт текст на Стратегија за одбрана;<br>- Утврдување на принципи и цели на одбранбената политика;<br>- Развој на системот за одбрана; и<br>- Утврдување на одбранбените ресурси за спроведување на одбранбената политика; | |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 | **Носител:** МО, АРМ и други државни институции. |
| **Цел: Долгорочен план за развој на одбраната 2019-2028** | | |
| 4. | **Спроведување:**<br>- Подготовка на Долгорочен план за развој на одбраната;<br>- Подготвка на повеќегодишен план за опремување и модернизација;<br>- Подготвка на среднорочни планови; и<br>- Утврдување на одб. ресурси за опремување и модернизација со утврдени проекти и приоритети. | |
| | **Временска рамка:** 2019-2028 | **Носител:** МО, АРМ и други државни институции. |
| **Општа цел 2: Подобрување на функционалните институционални капацитети на МО** | | |
| **Цел: Развој на капацитетите на МО за ефикасно управување на работните процеси** | | |
| 5. | **Спроведување:**<br>- Имплементација на Системот за креирање на одлуки и примена на повеќегодишно планирање, програмирање, буџетирање и извршување и обезбедување на долгорочно и стабилно финансирање на одбраната;<br>- Изработка на Динамичен план за постигнување на соодветна дистрибуција и распределба на буџетот по категории на трошоци (персонал: 50 %; операции, обука и одржување: 30 % и опремување и модернизација: 20 %) (2018-2021); и<br>- Континуирано унапредување на функционалноста на организациската структура на МО. | |
| | **Временска рамка:** 2017-2021 | **Носител:** МО, АРМ и други државни институции |
| **Цел: Имплементација на Програмата на НАТО за градење интегритет (Building Integrity)** | | |
| 6. | **Спроведување:**<br>- Имплеметација на обврските од Партнерска Цел G0204 „Развој на интегритет“ (Integrity Development):<br>- Имплементација на Планот за интегритет на МО и АРМ и анализа на имплементацијата на истиот; и<br>- Креирање базен на обучени лица/експерти и обука на персоналот од МО и АРМ во РМ и странство. | |
| | **Временска рамка:** 2017 – 2018 | **Носител:** МО |
| | **Забелешка:** | |

| | |
|---|---|
| | **-** Планирана е обука за обучување обучувачи (15 лица, ноември 2017 година) и<br>- Основен курс за развој и градење интегритет (највисокото раководство на МО и АРМ, дек. 2017) |
| **Цел: Надградба и имплементација на сајбер - одбрана и информатичка безбедност** | |
| 7. | **Спроведување:**<br>**-** Формирање на Работен Тим за дефинирање и иплементација на сајбер одбраната и информ. безбедност и развивање на програми и процедури за сајбер одбрана и информ. безбедност;<br>**-** Донесување на нов Правилник за информ. безбедност и утврдување на правци на соработка со други државни органи и надлежни институции поврзани со оваа област; и<br>**-** Имплементирањето и надградбата на сајбер одбраната и информ. безбедност до крајот на 2019г. |
| | **Временска рамка:** 2017- 2019 — **Носител:** МО, АРМ |
| | **Забелешки:**<br>Надградбата на сајбер одбраната и информ. безбедност вклучува: размена на инфо меѓу различни домени (Cross-domain), воведување заштита до ниво на објект, развивање на капацитети за менаџирање со информ. безбедност и развивање на капацитети за реакција при компјутерски инцидент. |
| **Цел: Одржување и унапредување на стандардизацискиот систем во МО и АРМ** | |
| 8. | **Спроведување:**<br>Одржување и унапредување на стандардизацискиот систем, применувајќи ги насоките од НАТО структурите за стандардизација, искуствата од земјите членки на НАТО и партнерските земји. |
| | **Временска рамка:** Континуирано — **Носител:** МО, АРМ |
| | **Забелешки:**<br>Воспоставен е компатибилен стандардизациски систем.Со цел подобрување и унапредување на неговата ефикасност (во процесот на имплементација на усвоените НАТО стандарди), констатирана е потреба од дополнување на орг. структура на АРМ со дефинирани надлежности за стандардизација и воспоставување формален линк со МО (до крајот на 2017г), што ќе обезбеди функционалност на повратната врска од статусот на имплементација на стандардите. |
| **Општа цел 3: Зајакнување на постојните и развивање на нови воени капацитети и способности на АРМ за достигнување на соодветно ниво на интероперативност, ефикасност, ефективност и флексибилност со НАТО** | |
| **Цел: Трансформација на Армијата во ефективна, ефикасна и вооружена сила подготвена да одговори на современите предизвици и закани** | |
| 9. | **Спроведување**:<br>- Развој и одржување на воена структура на АРМ со способности и капацитети, интероперативни со НАТО за изведување на широк спектар на операции во државата и надвор; и<br>- Одржување на пополнетост со човечки и матерјални ресурси и капацитети на единиците на АРМ, на ниво од минимум 90%. |
| | **Временска рамка:** Континуирано — **Носител:** АРМ и МО |
| **Цел: Имплементација на Пакетот Партнерски Цели 2016** | |
| 10. | **Спроведување:**<br>**-** Имплементација на вкупно 38 Партнерски Цели согласно предвидените рокови:<br>- 21 Општи Цели,<br>- 13 Копнени Цели, и<br>- 4 Воздухопловни Цели.<br>- Управување со процесот на НАТО стандардизација преку РГ за стандардизација (вкупно 13); и<br>- Перманентна обработка, усвојување и апликација на НАТО доктрините и стандардите. |
| | **Временска рамка:** Континуирано — **Носител:** МО, АРМ |
| | **Забелешки:**<br>Од вкупно 38, имплементирани се седум Партнерски Цели од пакетот ПЦ 2016. |
| **Цел: Развој на интегрирани капацитети и способности за воздушно набљудување и јавување** | |
| 11 | **Спроведување:**<br>**-** Потпишување на Договорот за MASE софтверот помеѓу НАТО NCIA и МО; и<br>**-** Поврзување на Оперативниот центар за воздушно набљудување (ASOC) со НАТО CRC Лариса во Република Грција. |
| | **Временска рамка:** 2017-2023 — **Носител:** МО, АРМ |
| | **Забелешки:**<br>**-** Со потпишување на Договорот за MASE софтверот се обезбедуваат услови за поврзување и размена на слика |

| | | |
|---|---|---|
| | помеѓу НАТО CRC (Control and Reporting Centre) Лариса (првично соработка со Хортијатис но со одлука на НАТО се промени центарот) од Република Грција со Оперативниот центар за воздушно набљудување, Република Македонија;<br>- Во рамките на BRAAD иницијативата за РМ, од страна на NCIA изработена е Студија за воздушно набљудување и комуникации со цел набавка на 3Д радар и<br>- Склучени се договори за пренос на податоци со телекомуникациска фирма од РМ од пристапна точка на границата помеѓу Република Македонија и Република Грција. | |
| 12. | **Цел: Развој на индивидуални и колективни капацитети и способности за справување со атомско, биолошко и хемиско оружје** | |
| | **Спроведување**:<br>Ажурирање на проектот за развој на индивидуални и колективни капацитети за АБХО (по изработката на СОП). | |
| | **Временска рамка:** 2018-2019 | **Носител:** МО, АРМ |
| | **Забелешки:**<br>- Во фаза на изработка и усвојување е Нац. стратегија за справување со пролиферација на ОМУ и заштита од ХБРН закани; и<br>- Во домен на КИС, софтверот за анализа и проценка за АБХО е иплементиран во рамките на ЧАБХО. Во тек е анализа на потребите и можностите за овозможување на пристап до истиот за раководните структури во родот АБХО и за клучниот персонал во АРМ. | |
| 13 | **Цел: Надградба и модернизација на глобалниот комуникациско информациски систем** | |
| | **Спроведување:**<br>- Модернизација на постојните центри за комуникација, стационарни јазли за врски и јазли без посада; и<br>- Надградба на постоечките и имплементација на планираните комуникациско - информациски системи и сервиси. | |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 | **Носител:** АРМ |
| | **Забелешки:**<br>Преземање на мерки за одржување во функционална состојба на комуникациско-информациската инфраструктура за поддршка на Системот за следење на сопствени единици во АРМ и негово активно користење во командите и единиците на АРМ како и сервисот ДМС и негово активно користење во командите и единиците на АРМ и крос домен корисниците од МО и одржување во функционална состојба на сервисите ПМИС, ГИС, ЛИС и имплементација на апликативен софтвер за медиц. работење во командата на ВМЦ и воените амбуланти во гарнизоните на АРМ. | |
| 14. | **Цел: Развој и одржување на единици и способности за придонес во мировни операции предводени од НАТО** | |
| | **Спроведување:**<br>- Оценување на копнените и воздухопловните сили во согласност со Концептот за оперативни способности (Operational capabilities concept - OCC) и стандардите на силите на НАТО (ACO Forces Standards - The Combat Readiness Evaluation - CREVAL):<br>- Претстои реоценување на Четата на воена полиција - НАТО оценување Ниво-2 (2018 година). | |
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** АРМ и МО |
| | **Забелешки:**<br>- Извршено е реоценување на Средната пешадиска баталјонска група - НАТО оценување Ниво-2 (окт. 2017г) и самооценување Ниво 2 и НАТО оценување Ниво 2 на ренџерската чета (окт. 2017г);<br>- Нема промена во Декларираните единици на РМ за придонес во операции предводени од НАТО. | |
| **II.3. Човечки ресурси** | | |
| **Општа цел 3: Пополна со квалитетен воен и цивилен персонал на МО и АРМ, способен да се справи со новите безбедносни предизвици** | | |
| 1. | **Цел: Создавање на компетентен персонал за остварување на функциите во МО и АРМ** | |
| | **Спроведување:**<br>- Унапредување и доградба на системот за управување со човечки ресурси;<br>- Целосна имплементација на одредбите од Законот за административни службеници кој го регулира статусот на административните службеници во МО;<br>- Имплементација на Партнерската Цел G0201 – Персонален менаџмент и<br>- Стручно оспособување и усовршување на воениот и цивилниот персонал. | |
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** МО, АРМ |
| 2. | **Цел: Привлекување, регрутирање и задржување на добро образован и обучен персонал** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Спроведување:**<br>- Привлекување, регрутирање и задржување на добро образован и обучен персонал испроведување на доброволно служење на воен рок; и<br>- Имплементација на Годишниот план за вработување во МО и АРМ за 2017 и 2018 година. | |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 | **Носител:** МО, АРМ |
| | **Забелешки:**<br>- Во МО не е планиран прием на нови лица, додека за потребите на АРМ, до крајот на 2017 година планирана е селекција на 23 офицери-потпоручници од Воената Академија, 23 офицери со дошколување на ПОФ и ПФВ за службите во АРМ и 18 офицери со дошколување на цивилни лица;<br>- Со имплементација на Годишниот план за вработување во МО и АРМ за 2018 година планирана е селекција и прием на 375 професионални војници, 29 офицери-потпоручници од Воената Академија, 20 офицери со дошколување на ПОФ и ПФВ за службите во АРМ, 18 офицери со дошколување на цивилни лица и 60 подофицери со дошколување на ПФВ (30 за родовите, 30 за службите); и<br>- Степенот на пополнетост на АРМ со персонал изнесува 82,90 %. По категории на персонал, пополнетоста е следна: офицери 75,20 %, подофицери 78,87 %, пфв 89,29 % и цивилни лица 65,92%. Со остварување на планираниот прием на персонал во АРМ во 2017 и 2018 година и следењето на таквиот тренд ќе се обезбеди достигнување на зацртаниот процент на пополнетост на АРМ со сите категории на персонал во наредните неколку години, согласно резултатите и препораките од СОП. | |
| 3. | **Цел: Соодветна и правична родова и етничка застапеност на припадниците во МО и АРМ** | |
| | **Спроведување:**<br>- Имплементација на Програмата за соодветна и правична застапеност на етничките заедници во МО и АРМ за 2017 и 2018 година;<br>- Достигнување на застапеноста на жените од околу 10% и имплементација на Партнерската цел G0013 Родови перспективи; и<br>- Имплементација на Национален акционен план за имплементирање на Резолуцијата на ОН 1325. | |
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** МО и АРМ |
| | **Забелешки:**<br>- Состојба на 31.08.2017 година: застапеноста на персоналот од етничките заедници кои не се мнозинство во МО изнесува 21,12%, додека во АРМ изнесува 27,1% (офицери – 19,74%, подофицери – 26,46%, професионални војници - 30,05% и цивилни лица во АРМ - 17,78%).<br>- Процентот на застапеноста на жените во АРМ изнесува 8,66 % од вкупниот персонал во АРМ (по категории на персонал: офицери-12,51 %, подофицери-11,10 %, професионални војници–3,64% и цивилни лица–37,98 %). Застапеноста на жените во МО изнесува околу 30%, при што околу 29% од сите раководни должности во МО се пополнети со лица од женски пол; и<br>- Воспоставен е тим на родови инструктори – 16 лица. До сега реализирана е обука со 2.046 припадници од МО и АРМ. Со родова обука опфатени се сите категории на персонал (цивилните лица, офицери, подофицери и војници), со посебен акцент на лидерскиот кадар на МО и АРМ. | |
| 4. | **Цел: Воспоставување на системи за грижа на персоналот во МО и АРМ** | |
| | **Спроведување:**<br>- Донесување на Политика за психосоцијална поддршка и грижа за менталното здравје на персоналот;<br>- Воспоставување на систем за поддршка на семејствата на воениот и цивилниот персонал упатен во хуманитарни и мировни операции надвор од РМ; и<br>- Воспоставување на организиран и ефикасен систем за преземање и распоредување на професионалните војници кои ќе навршат 45 години старост. | |
| | **Временска рамка:** 2017-2019 | Носител: МО и АРМ |
| | **Забелешки:**<br>- Политиката за ментално здравје ќе обезбеди псилошка отпорност кај припадниците на АРМ;<br>- Ќе се донесе и имплеметира Правилник за грижа за семејствата на воениот и цивилниот персонал упатен во хуманитарни и мировни операции надвор од РМ; и<br>- Ќе се изработи Проект за преземање и распоредување на професионалните војници со навршени 45 години возраст во органите на државната и локалната власт и други државни органи со кој ќе се дефинираат надлежностите и одговорностите на органите на државната и локалната власт, како и процедурите и временската рамка за преземање и распоредување. | |
| **II.4. Образование и обука** | | |

| | |
|---|---|
| **Општа Цел 1: Континуирано образование и обука на персоналот во МО и АРМ** | |
| 1. | **Цел: Образование и стручно оспособување и усовршување (СОУ) на цивилниот и воен персонал** |
| | **Спроведување:**<br>Реализација и коорд. на Интегрираниот ГП за стручно оспособување и усовршување (СОУ) на вработените во МО и АРМ за 2017 и 2018г - Планот за СОУ во РМ и ГП за СОУ во странство. |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 — **Носител:** М, АРМ и Воена Академија |
| | **Забелешки:**<br>- Планот за СОУ во земјата ги опфаќа: Планот за СОУ на Воената Академија; ГП за календар за СОУ на ГШ на АРМ; Планот за СОУ во надворешни образовни инст. во земјата; Планот за вежбовни активности на АРМ за 2017 и 2018 година; Календарот за обуки на Рег. Центар за односи со јавноста (PARC); Календарот на стручно - специјализирани обуки за 2017 и 2018г на Центарот „Џозеф Крузел"; и ГП за обука на административни службеници во МО; и<br>- Планот за СОУ во странство ги опфаќа: Планот за СОУ на билатерална основа (во воените колеџи/Командно штабните академии и нивните центри за обука), согласно потпишаните планови за бил. соработка; ГП за СОУ на рег. и мултилатерална основа (RACVIAC, PSOTC и др.) и Индивидуална програма за партнерство и соработка со НАТО. |
| 2. | **Цел: Образование на Воената Академија** |
| | **Спроведување:**<br>- Прв циклус (додипломски студии), втор циклус (магистерски студии на „Безбедност и одбрана", „Управување со кризи и заштита" и „Сајбер безбедност и дигитална форензика" и стручни студии-специјализација односно „Специјализација за командни и штабни должности" и „Специјализација за заштита и спасување" и трет циклус на универзитетски студии (докторски студии по „Национална и меѓународна безбедност и меѓународни односи";<br>- Интензивирање на меѓ. соработка, односно нејзино етаблирање во рег. центар за обука на офицери според стандардите на земјите членки на НАТО; и<br>- Едукација на пилоти за хелихоптери. |
| | **Временска рамка:** Континуирано — **Носител:** Воена Академија |
| | **Забелешки:**<br>- Моментално на Воената академија се школуваат:<br>- 103 - питомци за потребите на Армијата на Република Македонија (од кои 1 е на школување во САД, 1 е на школување во Р.Србија, 1 е на школување во Р.Турција и 2 се на школување во Р.Хрватска);<br>- 23 студенти од кои 19 се за потребите на Центарот за управување со кризи и 4 за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување;<br>- На Воената академија се школуваат и 32 питомци за потребите на земјите од регионот (12 питомци од Р.Црна Гора, 12 од Р.Босна и Херцеговина и 8 од Р.Косово).<br>- Со пристапот кон DEEP програмата ќе се преоценат севкупните потребни капацитети од военото образование и обука; и<br>- ВРМ нема да продолжи со процесот на основање на Универзитетот за национална одбрна, безбедност и мир „Дамјан Груев" во чиј состав беше предвидено да биде и Воената Академија. |
| 3. | **Цел: Курсеви за професионален развој на воениот персонал во Армијата** |
| | **Спроведување:**<br>Курсеви за професионален развој на офицерите, подофицерите и курсеви за основна и напредна воена обука за професионални војници. |
| | **Временска рамка:** Континуирано — **Носител:** АРМ и Воена Академија |
| 4. | **Цел: Активности на Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел"** |
| | **Спроведување:**<br>Имплементација на Календарот на специјализирани обуки за 2017 година-до крајот годината предвидено е да се реализираат 13 обуки од кои 3 работилници и 10 семинари и планирање, подготовка и имплементација на Календарот на специјализирани обуки за 2018 година; |
| | **Временска рамка:** 2017 – 2018 — **Носител:** МО |
| | **Забелешки:**<br>- Согласно Календарот на специјализирани обуки, во првата половина на 2017 година во Центарот се реализирани 11 обуки од кои 10 семинари и 1 обука за инструктори со вкупно 284 учесници од МО, АРМ, Воена академија и други државни институции; и |

<table>
<tr><td></td><td colspan="2">- Приоритетни активности на Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел“ се: Одобрување на планот за развој на Центарот; проширување на рамката за функционирање; проширување на содржините; ангажирање на обучувачи - експерти во реализацијата на содржините; организирање на обуки за сертифицирање на обучувачи од одредени области од МО и АРМ.</td></tr>
<tr><td>5.</td><td colspan="2">Цел: Активности на Регионалниот центар за обука за односи со јавноста</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2">Спроведување:<br>- Рег., меѓ. и нац. курсеви од областа на односите со јавноста како и по потреба ангажирање на Мобилни Медиа тимови за обука (МТТ);<br>- Имплементација на Акциониот План за развој на РЦОЈ;<br>- Заокружување на процесот на НАТО акредитација на меѓ. курсеви како и проширување и продлабочување на соработката со НАТО и Партнерски земји како и со другите партнерски центри за едукација и обука;<br>- Имплементација на ПЦ G 1204 - Градење капацитети во односите со јавноста (Capacity Building in Public Affairs) и учество на РЦОЈ на сите задолжителни активности за PTEC центрите.<br>- До крајот на 2017г планирано е да се одржи меѓ. курс за „Односи со јавноста во меѓународни операции“ (16-20 октомври);<br>Во текот на 2018 година планирани се следните активности:<br>- „Основен курс за односи со јавноста I“ (меѓународен курс, 12 март - 23 март);<br>- „Кризна Комуникација“ (меѓународен курс 07-11 мај);-<br>- „Основен курс за односи со јавноста II“ (меѓународен курс,24 септември -05 октомври);<br>- „Односи со јавноста во меѓународни операции“ (меѓународен курс,12-16 ноември);<br>- Мобилен медиа тим за обука по кризна комуникација за командата на SEEBRIG во Лариса, Грција.</td></tr>
<tr><td></td><td>Временска рамка: 2017 – 2018</td><td>Носител: МО</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2">Забелешки:<br>- Во текот на 2017г РЦОЈ спроведе 6 активности на кои учествуваа вкупно 115 учесници;<br>- Обуките во центарот ги спроведуваат вкупно 37 медиа тренери: 19 од РМ, 5 од Р.Хрватска, 4 од Р.Србија, 3 од БиХ, 3 од Р.Косово, 1 од Р.Албанија, 1 од Р.Бугарија и 1 од Р.Молдавија, а редовно се ангажираат меѓ. и НАТО експерти од областа на односи со јавноста.</td></tr>
<tr><td>6.</td><td colspan="2">Цел: Подобрување на јазичните вештини за вработените на МО и АРМ.</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2">Спроведување:<br>- Примена на новата наставна програма за изучување англиски јазик (од 2018 година);<br>- Континуирано тестирање согласно стандардот СТАНАГ 6001 за целокупниот воен и цивилен персонал и примена на ново упатство за тестирање на владеењето англиски јазик по СТАНАГ 6001 и<br>- Јазична обука во ПзМ центрите во Будимпешта и Анкара, како и согласно билатералната соработка со Канада, САД и Велика Британија.</td></tr>
<tr><td></td><td>Временска рамка: 2017 – 2018</td><td>Носител: МО и АРМ</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2">Забелешки:<br>- Усвоена е Едиција 5 од стандардот СТАНАГ 6001 и изработена нова наставна програма за изучување англ.јазик која предвидува настава во два семестра годишно во траење од по 16 недели;<br>- Изучувањето на други странски јазици (турски, германски, грчки, француски и италијански јазик) заради упатување на школување во странство продолжува да се одвива со асистенција од надворешни фактори. Најчесто, земјата која го нуди школувањето ја организира и јазичната обука на персоналот.</td></tr>
<tr><td>7.</td><td colspan="2">Цел: Учество на АРМ на вежбовни активности (2017 и 2018 година)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2">Спроведување:<br><u>Планирано учество на вежби кои треба да се реализираат до крајот на 2017 година</u>:<br>„ CARPATIAN EAGLE 17 “ (Романија)<br>Учесници: 15 војници и старешини од АРМ. (Период: 16-21 Октомври 2017)<br>„JOINT COOPERATION 17“ (СР. Германија)<br>Учесници: 2 припадници од АРМ. (Период: 27 Октомври-03 Ноември 2017)<br>„ MILEX 17“ (Велика Британија)<br>Учесници: 2 припадници на АРМ. (Период : 7-17 ноември 2017)<br><u>Планирано учество на вежбовни активности во текот на 2018 година</u>:<br><u>1. Во НАТО контекст</u><br>„VIKING 18“(CAX/JCATs) (К.Норвешка/Р.Србија/Р.Бугарија/Р. Ирска)<br>Учесници: 10 припадници од АРМ. (Период: 16-28 Април 2018 год.)</td></tr>
</table>

**„TRIDENT JAGUAR 17“**(CAX/CPX) **(К.Норвешка/Р.Бугарија)**
Учесници: 4 припадници од АРМ. ( Период: 06-16 Мај 2018 год.)
**„CWIX“**(Coalition Warrior Interoperability eXploration)- **(Р.Полска)**
Учесници: 5 припадници од АРМ. ( Период: 04-23 Јуни 2018 год.)
**„REGEX 2018“**(CPX) **(Р. Србија)**
Учесници: 10 припадници од АРМ. (Период: октомври 2018 год.)

2. Во рамки на билатерална соработка

**„KFOR 24“**(FTX) **(СР. Германија)**
Учесници: 35 војници и старешини од АРМ. (Период: 18 Февруар-12 Март 2018 год.)
**„DINAMIC FRONT III 18-1“**(CPX/FTX) **(СР. Германија)**
Учесници: 4 припадници од АРМ. (Период: 01-30 Март 2018 год.)
**„ EFES 18 “ (Р.Турција)**
Учесници: 30 војници и старешини од АРМ. (Период: 11 Април-11 Мај 2018 год.)
**„COMBINED RESOLVE X“**(LIVEX) **(СР. Германија)**
Учесници: 40 припадници од АРМ. (Период: 18 Април-17 Мај 2018 год.)
**„EAGLE VI“**(CPX/FTX) **(Р. Косово)**
Учесници: 3 припадници од АРМ. ( Период: 03-14 Мај 2018 год.)
**„ ADRIATIC STRIKE 18 “**(FTX/VIVEX) **(Р.Словенуја)**
Учесници: 15 припадници од АРМ. ( Период: Јуни 2018 год.)
**„TORRI 18“**(CPX) **(Р. ИТАЛИЈА)**
Учесници: 4 припадници од АРМ. (Период: Јули 2018 год.)
**„SABER JUNCTION“**(CPX/LIVEX) **(СР. Германија)**
Учесници: 35 војници и старешини од АРМ. (Период: 10 Јули-01 Август 2018 год.)
**“ MAUNTAINE WARFARE 18“**(COMMON CHALENGE-LIVEX)
Учесници: 40 припадници на АРМ; (Период: септември 2018 година.)
**“ MAPLE ARCH“**(CPX/FTX) **(Република Украина)**
Учесници: 4 припадници на АРМ; (Период: септември 2018 година.)
**„COMBINED RESOLVE XI“**(CPX/FTX) **(СР. Германија)**
Учесници: 40 припадници од АРМ. (Период: 05-28 Септември 2018 год.)
**„KFOR 25“** (FTX) **(СР. Германија)**
Учесници: 35 војници и старешини од АРМ. (Период: 20 Октомври-12 Ноември 2018 год.)
**“ANACONDA 18“**(CAX – Bn/Bde level). **(Р. Полска)**
Учесници: 100 припадници од АРМ. (Период: 01-30 Ноемри 2018 год.)
**„DINAMIC FRONT III 18-2“**(CPX/FTX) **(СР. Германија)**
Учесници: 4 припадници од АРМ. (Период: 01-30 Ноември 2018 год.)

3. Во рамки на регионална соработка

Учество на БМНС на две вежби во 2018“ (една подготвителна и една главна).
**„ SUMMER CAMPUS” (Р.Македонија)**
Учесници: 100 од повеќе земји (Период: 24 јуни -07 јули 2018 год.)
**„BALKAN RESPONSE“**(CPX) **(Р.Србија)**
Учесници: 12 припадници од АРМ. ( Период: 20-26 Мај 2018 год.)
**„IMMEDIATE RESPONSE 18“**(LIVEX) **(Р. Хрватска/Р. Словенија)**
Учесници: 8 припадници од АРМ. (Период: 07-22 Септември 2018 год.)
**Вежба од ФОРУМ Б-9** (FTX/LIVEX) **(Не е познато местото засега)**
Учесници: 15 припадници од АРМ. (Период: Октомври 2018 год.)
**„SEVEN STARS 2018“**(SEEBRIG) **(Р. Грција)**
Учесници: 10 припадници од АРМ. (Период: 05-16 Ноември 2018 год.)
**„ SEESIM 18“** (Република Турција)
Учесници: 4 припадници на АРМ; (Период: декември 2018 година)

4. Надвор од (MTEP) програмата

**„ SHIELD“**- Air Defense Operation (LIVEX)
Учесници: 5 припадници од АРМ. (Период: 12-24.04.2018 год.)
**„TOXIC TRIP 17“**(FTX) **(Р. Италија)**
Учесници: 2 припадници од АРМ. (Период: Септември 2018 год.)
**„JOINT FIRE“**((CPX/FTX)) **(Норвешка)**

| | | |
|---|---|---|
| | Учесници: 3 припадници од АРМ. (Период: 1-16.08.2018 год.) | |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 | **Носител:** АРМ |
| | **Забелешки:**<br>- Во 2017г реализирани се вкупно 20 вежби со учество на 1.928 припадници на АРМ (9 теренски вежби со учество на единици и 11 командни вежби со учество на штабни офицери на позиции во мултинац. штабови ранг баталјон-бригада). Согласно Планот за учество на АРМ на вежбовни активности за 2017г, не се реализирани 7 вежби поради откажување на организаторот на истите; и<br>- За 2018г планирано е учество на 22 вежби со вкупно 771 припадник на АРМ (10 теренски вежби со учество на единици и 12 штабни вежби. | |
| 8. | **Цел: Обука на пилоти во Центарот за обука на пилоти** | |
| | **Спроведување:**<br>- Обука на пилоти за потребите на АРМ и другите државни институции:<br>- Обука на 7-та група на пилоти (2 кандидати, од кои еден пилот од ЦГ, во трета фаза на обука);<br>- Обука на 8-та група на пилоти ( 4 кандидати во втора фаза на обука):<br>- Селекција на кандидати за 9-та група на пилоти (прва, почетна фаза на обука, почнувајќи од февруари 2018 година).<br>- Континуирана обука на обучените пилоти на симулаторите за хеликоптерите Ми-8/17 и Ми-24 | |
| | **Временска рамка:** 2017- 2018 | **Носител:** МО и Воена академија |
| | **Забелешки:**<br>Досега обуката за пилоти во Центарот за обука ја заврשија 19 пилоти од кои: 9 пилоти се распоредени во воздухопловната единица на АРМ; 9 пилоти се распоредени во хеликоптерската единица во МВР; и 1 пилот од Црна Гора. | |
| **Општа цел 2: Развој на инфраструктурата и капацитети за обука** | | |
| 9. | **Цел: Развој на центрите за обука** | |
| | **Спроведување:**<br>Модернизација, обнова и доизградба на полигоните, опремата и постоечката инфраструктура на центрите за обука:<br>- Центар за поддршка на обуката (АП Криволак, Центар за обука на вода и Центар за обука во зимски услови);<br>- Оддел/Центар за медицинска обука;<br>- Центарот за одгледување и дресура на кучиња;<br>- Центарот за симулации; и<br>- Центар за обука на питомци; | |
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** МО и АРМ |
| 10. | **Цел: Формирање и развој на Центар за симулации (JCATS)** | |
| | **Спроведување:**<br>- Поставување на системот, инсталација и обука на персоналот во ракување со симулациската платформа JCATS (ангажман на експерт од компанијата American Systems);<br>- Обука на персоналот:<br>- пилот-вежба на ниво чета со цел тестирање знаењето на персоналот од центарот (ноем.2017г);<br>- баталјонска вежба (CPX/MAPEX/CAX) за заокружување на циклусот на обука (прво тромесечје од 2018г). | |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 | **Носител:** АРМ и Воена Академија |
| | **Забелешки:**<br>Реализирани активности согласно проектот за формирање на Центар за симулации:<br>- Прием на целокупната опрема која е дел од донацијата (февруари 2017) .<br>- Инспекциски надзор од Експертски тим од САД на поставената опрема и подготвеноста на Центарот за работа (април 2017 година,);и<br>- Извршена е основна обука за оператори на JCATS симулациската платформа со 10 припадници од составот на АРМ (мај 2017година). | |
| 11 | **Цел: Развој и унапредување на одделот/центарот за медицинска обука** | |
| | **Спроведување:**<br>- Реализација на медицинска обука за прва помош, за персоналот кој се упатува во мировни операции и реализација на каталогот за курсеви; и<br>- Реализација на 8 курсеви (до крајот на 2017 година). | |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 | **Носител:** АРМ и Воена Академија |

| | |
|---|---|
| | **Забелешки:**<br>Во текот на 2017 година реализирани се 15 курса на кои учествувале 147 лица од АРМ, 46 лица од странство (Летен кампус) и 48 лица од други државни институции; |
| **Логистичка поддршка и инфраструктура** | |
| **Општа Цел 1 : Подобрување на системот за логистичката поддршка** | |
| 1. | **Цел: Имплементација на Логистичкиот Информатички Систем, унапредување на Концептот за логистичка поддршка и Концептот за национален елемент за поддршка** |
| | **Спроведување:**<br>- Ажурирање и операционализација на Логистичкиот Информатички Систем;<br>- Ревизија и унапредување на Концептот за логистичка поддршка на одбраната;<br>- Ревизија и унапредување на Концептот за национален елемент за поддршка; и<br>- Трансформација на логистичката структура на сили, согласно заклучоците од СОП. |
| | **Временска рамка:** 2018-2020 — **Носител:** МО и АРМ |
| 2. | **Цел: Одржување и унапредување на НАТО кодификацискиот систем во МО на РМ** |
| | **Спроведување:**<br>- Одржување на НАТО кодификациската способност, следење и имплементација на новостите во НАТО кодификацискиот систем и унапредување на системите за размена на НАТО кодификациски податоци со НАТО кодификациската заедница; и<br>- Континуирана поддршка на националната логистичка заедница, вклучувајќи ја и наменската индустрија во делот на користење на НАТО кодификациски податоци. |
| | **Временска рамка:** 2017 - 2023 — **Носител:** МО и АРМ |
| | **Забелешка:**<br>Воспоставен е компатибилен кодификациски систем.<br>Дефинирањето на перспективната воена опрема на АРМ ќе овозможи унапредување на кодификацискиот систем и со тоа директно ќе се подобри интероперативноста на националната логистика со НАТО логистичката заедница. |
| 3. | **Цел: Ослободување од застарената и вишок воена опрема** |
| | **Спроведување:**<br>Ревидирање на планот за ослободување од застарената и вишок на опрема која треба да се замени или надгради до 2023г и развој на сеопфатен и транспарентен програм за ослободување од опремата. |
| | **Временска рамка:** 2017 - 2023 — **Носител:** МО и АРМ |
| **Општа Цел 2: Одржување и управување со објектите и инфраструктурата на Министерството за одбрана и Армијата** | |
| 4. | **Цел: Унапредување на системот за управување со објектите и инфраструктурата** |
| | **Спроведување:**<br>Изготвување на преглед-регистер за моменталната состојба на објектите и инфраструктурата во сите касарни и издвоени објекти. |
| | **Временска рамка:** Континуирано — **Носител:** МО и АРМ |
| 5. | **Цел: Инвестициони активности** |
| | **Спроведување:**<br>Донесување на годишна инвестициона програма. |
| | **Временска рамка:** 2017 -2018 — **Носител:** МО и АРМ |
| **Меѓународна соработка** | |
| **Општа цел 1: Проширување и продлабочување на меѓународната соработка на белатерална, регионална и мултилатерална основа** | |
| 1. | **Цел: Билатералната соработка во одбраната** |
| | **Спроведување:**<br>- Имплементација на активностите од билатералните планови и програми за соработка за 2017 година и 2018 година;<br>- Реализација на министерски посети во земјата и странство, посети на други високи авторитети во МО, како и посети на НГШ на АРМ во земјава и во странство;<br>- Реализација на проекти за опремување на АРМ;<br>- Координација на обуки и школувања на билатерална основа; и<br>- Реализација на вежбовни активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** МО и АРМ |
| | **Забелешки:**<br>• Стратешко партнерство со САД;<br>• Министерството за одбрана има воспоставена билатерална соработка со 35 земји. | |
| 2. | **Цел: Зајакнување на одбранбената соработка со ЕУ** | |
| | **Спроведување:**<br>- Придонес во операцијата „Алтеа“ во БиХ;<br>- Декларирани сили во додатокот на Каталогот на сили на ЕУ 2015/16;<br>- Развој на соработката со Европската одбранбена агенција (EDA);<br>- Учество во Програмата за обука за ЗБОП за земјите од ПСА во 2018 и други обуки со цел градење на административни капацитети од доменот на ЗБОП; и<br>- на покана на ЕУ учество на состаноци од доменот на одбраната во формат за земјите кандидати и европските НАТО ЗЧ кои не се членки на ЕУ (ЕУ + 7), на состаноците на Воениот комитет (ВК) на ЕУ, во формат ВК на ЕУ + 7, учество на работната сесија за операцијата „Алтеа“ во рамките на Глобалните конференции за генерирање сили на ЕУ. | |
| | **Временска рамка:** Континуирано | **Носител:** МО и АРМ |
| | **Забелешки:**<br>Декларираните сили во Каталогот за потенцијален придонес на РМ во операции на ЕУ, остануват непроменети. | |
| 3. | **Цел: Учество во рамките на А-5 Јадранската повелба** | |
| | **Спроведување:**<br>- Реализација на обврските од членството на РМ во рамките на А-5 Јадранската повелба;<br>- Заедничко учество на А-5 земјите во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан;<br>- Учество на претставници од МО и АРМ на пол. консултации (експертско и високо ниво), конференции и други настани во рамките на А-5 Јадранската повелба:<br>- А-5 Средба на Министрите за одбрана (01 декември 2017 година, Охрид. Р. Македонија);<br>- 21. Конференција на НГШ на земјите од А-5 Јадранската повелба (08.-10.11.2017 година, Скопје, Р. Македонија, заедно со Командата на САД во Европа (US EUCOM));<br>- 3. состанок на Работната група за имплементација и состанок на Главните Подофицери<br>- Работни средби на Функционалните групи од составите на Ј-2, Ј-3/7, Ј-4, Канцелариите на Главните подофицери и новоформираната Функционална група Ј-6 (во рамките на 21. Конференција на НГШ)<br>- А-5 Средба на Директори за одб. политика (25 октомври 2017 година, Скопје. Р. Македонија); и<br>- Организирање на комбинирана конференција за обука со цел совпаѓање на ресурсите за обука и целите на обуката за достигнување на НАТО стандардите (на секои две години, почнувајќи од 2017 година). | |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 | **Носител:** МО и АРМ |
| | **Забелешки:**<br>- Во септември 2017 година, во РМ се одржа вежбата Joint Reaction-17, на која учество зедоа вкупно 144 припадници на армиите од РМ, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Р. Албанија и САД; - Прифатена тема на 21-та Конференција на НГШ на земјите членки на А5 е „Проширување на соработката помеѓу А-5 земјите за целосна НАТО интеграција и придонес за безбедноста на Алијансата“ (Leveraging cooperation within the A-5 framework to further NATO integration and contribute to the security of the Alliance); и<br>- Почнувајќи од 2018 година за следните конференции „земјата претседавач“ е воедно и „земја домаќин“. Состаноците на функционалните групи од 2018 година исто така ќе се одржуваат во земјата претседавач/домаќин. Во 2018 година Црна Гора ќе претседава со Јадранската повелба. | |
| 4. | **Цел: Учество во Southeast Europe Defence Ministerial (СЕДМ) процесот и Бригадата за Југоисточна Европа (SEEBRIG)** | |
| | **Спроведување:**<br>-Учество на претставници од МО и АРМ на политички консултации (експертско и високо ниво), конференции и други настани во рамките на СЕДМ процесот; и<br>- Учество на курсеви, вежби и обуки. | |
| | **Временска рамка:** 2018-2019 | **Носител:** АРМ и МО |
| | **Забелешки:**<br>- Усвоена е измената на Договорот за формирање на SEEBRIG и документот Локација на командата на SEEBRIG со табела за ротација на критичните позиции по 2015 година;<br>- Со документот Локација на командата на SEEBRIG, предвидено е РМ да биде земја домаќин на Командата на | |

| | |
|---|---|
| | SEEBRIG, во период од 2020 до 2026 година;<br>- За учество во операции и вежби на SEEBRIG, РМ има декларирано: штабен персонал (6 лица), една механизирана пешадиска чета и еден инжинериски патен вод; и<br>- Мобилен тим за обука од Регионалниот центар за односи со јавноста (PARC) беше ангажиран за реализација на курс за потребите на Командата на SEEBRIG. Активноста е реализирана во период од 06 - 09. септември 2017 година во кампот Чина, Тирнавос, Република Грција. |
| 5. | **Цел: Форум на Началниците на Генералштабовите на балканските земји за воена соработка ( Balkan Countries CHODs Conference on Military Cooperation )** |
| | **Спроведување:**<br>- Учество на политички консултаци, конференции и други настани во рамките на Форумот на Началниците на Генералштабовите на балканските земји<br>- 11-та Конференција на Началници на Генералштабовите на Балканските земји (2017г, Атина).<br>- Учество на курсеви, вежби и обуки. |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 — **Носител:** ГШ на АРМ |
| | **Забелешки:**<br>Позначајни постигнувања за зајакнување на регионалната соработка во 2017 година се:<br>– Изработен е Преглед за Конференција на НГШ на балканските земји за првиот циклус и визија за целите во текот на вториот циклус;<br>– Понатамошна идентификација на можни области на соработка во духот на Паметна одбрана, Здружување и споделување на капацитети и Иницијативата на поврзани сили;<br>– Понатамошно користење на SEEETN проектот со сите негови студии во рамките на обуката и образованието; и<br>– Координација на работата и поддршка кон координативната група и двете подгрупи: за асиметрични закани и за образование, обука и вежби. |
| 6. | **Цел: Континуирано учество и придонес во RACVIAC - Центар за безбедносна соработка** |
| | **Спроведување:**<br>- Придонес на МО на РМ во Центарот со еден експерт - Програм менаџер во одделот за Меѓ. и рег. соработка, со посебен фокус на Евро-Атланските интеграции (со мандат од август 2015 до август 2019 година);<br>- Реализација на Годишната Програма на активности на Центарот за безбедносна соработка (учество на политички консултации, конференции и други настани); и<br>- Учество на состаноците на Меѓународната советодавна група - MAG (април/октомври) и<br>- Учество на активностите од областа на образованието и обуката. |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 — **Носител:** АРМ и МО |
| 7. | **Цел: Континуирано следење активности по Виенскиот документ 2011 (ВД`11) во комуникациската мрежа на Организацијата за безбедносна соработка во Европа (ОБСЕ)** |
| | **Спроведување:**<br>- Следење и реализација на активности по Виенскиот документ 2011 во комуникациската мрежа на Организацијата за безбедносна соработка во Европа; и<br>- Доставување на редовни извештаи преку соодветни форматирани нотификации до Организацијата за безбедносна соработка во Европа и земјите потписнички на ВД 2011. |
| | **Временска рамка:** 2017-2018 — **Носител:** МО и АРМ |
| 8. | **Цел Имплементација и реализација на обврските кои произлегуваат од Меѓународни договори од областа на контролата на вооружувањето** |
| | **Спроведување:**<br>- Реализација на обврските кои произлегуваат од Меѓународните договори од областа на контролата на вооружувањето потпишани од страна на Република Македонија; и<br>- Учество на состаноци, семинари и курсеви за имплементација на обврските кои произлегуваат од Меѓународни договори од областа на контролата на вооружувањето. |
| | **Временска рамка:** Континуирано — **Носител:** МО и АРМ |

**АНЕКС 10**

**БЕЗБЕДНОСНИ ПРАШАЊА**

**Цел 1:Одржување висок степен на усогласеност со НАТО стандардите за ракување со НАТО класифицирани информации од сите аспекти на безбедноста и со безбедносната политика што ја диктира НАТО Канцеларијата за безбедност**

**АКТИВНОСТИ:**

**Активност 1:** Унапредување на националната правна регулатива за заштита на класифицираните информации

**Индикатори:**

- Компаративна анализа на законски акти за заштита на класифицирани информации на други држави од интерес
- Работна група за изработка на нацрт-текст на Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации
- Предлог-текст на Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 2017 - 2018г. | **Фискални импликации:** Буџет на ДБКИ | **Главен носител/и:** ДБКИ |

**Активност2: Одржување висок степен на безбедност на националните мрежи низ коишто се процесираат класифицирани информации по електронски пат преку спроведување на процесот за безбедносна акредитација на КИС инивна заштита од сајбер напади**

**Индикатори:**

- Скрининг на состојбите во институциите во коишто електронски се разменуваат класифицирани информации
- Ставање во функција на опремата за утврдување на емисионото зрачење на КИС (опрема за зонирање на објектите во коишто се инсталирани КИС за работа со класифицирани информации) и обука на персоналот за работа со опремата
- Учество во меѓуинституционални проекти сврзани со воспоставување национални стандарди за заштита од сајбер напади и национален тим за справување со сајбер инциденти (CIRT)
- Активности за безбедносна акредитација на мрежи во МВР, ГШ на АРМ, Секретаријат за законодавство, Агенција за разузнавање и Народна Банка на РМ

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 2017 - 2018г. | **Фискални импликации:** Буџет на ДБКИ | **Главен носител/и:** ДБКИ |

**Забелешки:**

Ставањето во функција на опремата за зонирање на објектите во коишто се инсталирани КИС за работа со класифицирани информации и спроведувањето на обуката на персоналот за работа со опремата се условени од реализацијата на најавената донација на опрема од страна на земја членка на НАТО.

**Активност3: Соработка со носителите на криптозаштитата во Република Македонија преку учество во активностите за донесување нова Уредба за криптозаштита**

**Индикатори:**

- Законска рамка за донесување текст на нова Уредба за криптозаштита
- Формирање Совет за криптозаштита (во рамките на законските решенија за уредување на криптозаштитата на стратешко ниво)
- Предлог-текст на Уредба за криптозаштита

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 2017 - 2018г. | **Фискални импликации:** Буџет на ДБКИ | **Главен носител/и:** ДБКИ |

**Забелешки:**

Со измените и дополнувањата на Законот за класифицирани информации во доменот на информатичката безбедност ќе се создаде потребната законска рамка за донесување нова Уредба за криптозаштита.За изработка на предлог-текстот на Уредбата за криптозаштита е формирана меѓуинституционална работна група којашто ја предводи Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**Активност 4:** Зајакната соработка со правните лица корисници на класифицирани информации од сите аспекти на безбедноста, врзано со капацитетите на тие субјекти за чување и за ракување со класифицирани информации

**Индикатори:**

- Стручна проверка на капацитетите на правните лица за чување и за ракување со класифицирани информации
- Експертска помош и давање упатства за исполнување на потребните услови за издавање безбедносен сертификат за правно лице

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 2017 - 2018г. | **Фискални импликации:** Буџет на ДБКИ | **Главен носител/и:** ДБКИ |

**Активност 5:** Континуирано вршење инспекциски надзор над работата со класифицирани информациизa доследна примена на важечките безбедносни стандарди за ракување со класифицираните информации

**Индикатори:**

- Реализација на програма за работа одобрена од Инспекцискиот совет на РМ
- Спроведување активности согласно Законот за вршење инспекциски надзор и сетот помошни документи-алаткидонесени во поддршка на субјектите на надзор и во насока на исполнување на безбедносните стандарди за ракување со класифицирани информации

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 2017 - 2018г. | **Фискални импликации:** Буџет на ДБКИ | **Главен носител/и:** ДБКИ |

**Цел 2: Континуирано развивање на меѓународната соработка во доменот на класифицираните информации преку активно учество во мултилатерални, билатерални и регионални иницијативи за соработка, како и преку создавање правна основа за влегување во соработка со други држави во чувствителни области сврзани со безбедноста и одбраната**

**АКТИВНОСТИ:**

**Активност 1: Билатерални преговори за склучување билатерални спогодби на владино ниво со други држави во доменот на размената и заштитата на класифицираните информации**

**Индикатори:**

- Склучување спогодби со Австрија, со Црна Гора, со Големото Војводство Луксембург, со САД.
- Покренати иницијативи за влегување во договорна соработка со други држави.

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 2017 - 2018г. | **Фискални импликации:** Буџет на ДБКИ и на институциите што имаат свои претставници во делегацијата на Владата на РМ за преговори | **Главен носител/и:** ДБКИ |

**Забелешки:**
За потпишувањена спогодбата со Австрија се чека официјален одговор од австриската страна.За продолжување на процедурата сотекстот на спогодбата со САД се чека официјален одговор од Вашингтон, а текстот на спогодбата со Луксембург е во фаза на одобрување.

**Активност 2: Активно учество во иницијативите за соработка на националните безбедносни авторитети на земјите од регионот**

**Индикатори:**

- Учество на активности во рамките на форумот за соработка на националните безбедносни авторитетиод Југоисточна Европа (SEENSA)
- Учество во 6S (6 States) иницијативата за соработка на националните безбедносни авторитети на шест држави од поранешна Југославија

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 2017 - 2018г. | **Фискални импликации:** Буџет на ДБКИ | **Главен носител/и:** ДБКИ |

**Активност 3: Следење на тековните трендови во доменот на индустриската безбедност преку учество во Мултинационалната работна група за индустриска безбедност (MISWG) и интензивирање на соработката со националните безбедносни авторитети на земјите членки на групата**

**Индикатори:**

- Учествона годишната MISWG конференција
- Анализа на работните материјали на MISWG со цел нивно прифаќање и прилагодување на потребите на ДБКИ
- Учество во MISWG AHWG 10 (ад-хок работна група за FOCI – Странска сопственост, контрола или влијание во компаниите) во насока на прибирање компаративни искуства за идни законски решенија што ја допираат оваа материја

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:** 2017 - 2018г. | **Фискални импликации:** Буџет на ДБКИ | **Главен носител/и:** ДБКИ |